Универзитет “Гоце Делчев”- Штип

# 25

*години*

## *Педагошки факултет*



## *Факултет за образовни науки*

*1995 - 2020*

# ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ
# ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ
# (1995-2020)

Штип, 2020

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**
(1995-2020)


**Главен и одговорен уредник**
Емилија Петрова Ѓорѓева

**Уредник**
Снежана Мирасчиева

**Уредувачки одбор**
Соња Петровска
Деспина Сивевска
Ирена Китанова
Даниела Коцева
Верица Јосимовска
Оливер Цацков
Трајче Стојанов

**Лектор:**
Весна Ристова

**Техничко уредување:**
Николче Ѓорѓев

**Издавач:**
Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

**Објавено во е-библиотека:**
https://e-lib.ugd.edu.mk

“

**Тираж:** 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

378.4(497.731).096:37"1995/2020"

ПЕДАГОШКИ факултет Факултет за образовни науки : (1995-2020) :
монографија / [главен и одговорен уредник Емилија Петрова Ѓорѓева, уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2020. - 160 стр. : илустр. 219; 23 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 160

ISBN 978-608-244-776-6

а) Педагошки факултет (Штип) -- 1995-2011 б) Факултет за образовни науки
(Штип) -- 2011-2020

COBISS.MK-ID 52613125

**СОДРЖИНА**

**ПРЕДГОВОР....................7**

1. **ПОГЛЕД КОН МИНАТОТО....................9**

**2. ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ....................19**

**2.1. ПРВИТЕ ПОЧЕТОЦИ ВО ПОВОЕНИОТ ПЕРИОД И ОСНОВАЊЕТО НА УЧИТЕЛСКАТА ШКОЛА....................19**

**2.2. ВИША ПЕДАГОШКА ШКОЛА 1959-1961 ГОДИНА....................31**

**2.3. ПЕДАГОШКА АКАДЕМИЈА 1961-1995 ГОДИНА....................35**

**3. ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ / ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ (1995-2011, 2011-2020)....................47**

**3.1 ОСНОВАЊЕ И РАЗВОЈ....................47**
**3.1 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ....................53**
**3.2 НАСТАВНА ДЕЈНОСТ....................55**
**3.3 СОРАБОТКА И ОТВОРЕНОСТ....................67**
**3.4 НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ....................82**
**3.5 БИБЛИОТЕЧНА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ....................102**
**3.6 ОД СТУДЕНТСКА ПЕРСПЕКТИВА....................113**
**ВРАБОТЕНИ НА ФАКУЛТЕТОТ....................137**
**АДМИНИСТРАЦИЈА....................145**
**ОД АЛБУМОТ....................147**
**ПИСМО НА БЛАГОДАРНОСТ....................159**
**КОРИСТЕНИ ИЗВОРИ....................160**

## ПРЕДГОВОР

Четврт век високообразовна установа за образование на наставници и воспитувачи! Од Педагошки факултет, до Факултет за образовни науки, чествуваме 25 години факултетско образование! И четврт век е доволно за почит и достојно за восхит, но ако се земе предвид дека тие 25 години се всушност само продолжување на долга и богата образовна традиција, која институционално досегнува сè до Учителската школа во 1945 година, станува јасно пред каква историска величина стоиме.

Затоа, оваа генерација наставници, професори и асистенти од Факултетот за образовни науки, гордо, но занемено е исправена пред одговорноста што треба ја преземе на своите плеќи. Оваа генерација, не само што има долг кон сегашноста и поглед кон иднината, туку и кон наследството на традицијата и богатото минато што треба да го оправда. Да се служи на воспитанието и образованието, да се служи на науката и педагогијата, да се служи на просветата на нацијата, со такво наследство зад себе, е вистински предизвик, но и тежок подвиг. Тој подвиг значи да се возвишите на заумни врвови, да досегнете непрегледни хоризонти, затоа што врвовите на оваа институција се високи, а хоризонтите навистина далечни. Далечни до средината на XVIII-от век, кога почнуваат да се јавуваат првите ќелијни училишта, а високи колку еден Јосиф Ковачев или еден Гоце Делчев. Тешко се досегаат и тие хоризонти и тие врвови. И не велиме дека сме им дури ни близу. Но, барем ветуваме дека тие ни се светилниците.

Затоа, нашата задача ќе биде далеку поскромна. Не мерејќи се и премерувајќи се со нив, оваа генерација може само да се обврзе дека ќе им го оддаде нужниот долг и на таа традиција и на тие луѓе, со што барем ќе биде достоен продолжувач и верен поддржувач на духот на историјата. Во таа насока е и оваа Монографија, по повод 25 години од Педагошкиот факултет, односно Факултетот за образовни науки. Имено, денешнава институција, Факултет за образовни науки, пред 25 години, од Педагошка академија, прерасна во Педагошки факултет „Гоце Делчев“. Со тоа, како конечно да се затвори еден долг историски процес на оваа институција, која својот растеж го започна како Учителска школа во далечната 1945, преку Вишата педагошка школа во 1959 и Педагошката академија во 1961 година. Формирањето на Педагошкиот факултет во 1995 година го означува почетокот на факултетското образование за наставници на оваа институција, која во 2011 година го промени својот назив во Факултет за образовни науки.

Оваа Монографија ги следи сите тие фази од нејзиниот растеж, секако со акцент на последните 25 години, кога живо го сведочевме тој трнлив, но радосен од. Тие сведоштва се долг кон нашите претци, но и аманет за нашите деца. Да сведочат и судат.

Колку бевме достојни?!.

Тоа го препуштаме на иднината.

Нам, ни останува вечно да се прашуваме „можевме ли повеќе“? Ова сведоштво, го оставаме со надеж дека сторивме барем доволно, во периодот од 1995 до 2020 година.

*Од уредувачкиот одбор*

## 1. Поглед кон минатото

Иднината не може да се проектира без да се разбере сегашноста и да се знае минатото. Во таа смисла, современата актуелност, развој и иднина на една заедница, од перспектива на образованието и воспитанието не може да се сфати во потполност без осврт на нејзиниот развој. За секоја држава значајна и важна улога има училишниот систем кој е еден од главните носители на општествените барања за подготвување на воспитно-образовни кадри за нејзин успешен развој и напредок.

Во Македонија и покрај тешките историски и економски околности низ кој поминувал македонскиот народ, образованието и воспитанието се сметале за исклучителна вредност. Воедно се правеле и обиди да се создадат што повеќе услови за негов понатамошен и континуиран развој.

Во период од првата половина на XIX-от век во Македонија опстојувала т.н. „стара школа“. Нејзината педагошка активност се карактеризирала со тоа што училиштата немале ниту закони ниту правилници и работеле според постоечката традиција. Желбата на македонскиот народ за развивање и унапредување на воспитно-образовниот систем во овој период се манифестирал со отворање на нови и доизградување на постоечките училишни објекти и нивно издигнување на повисоко ниво. На тој начин се вршело реформирање на тогашниот школски ситем и се прилагодувало на ново создадените услови и потреби на македонскиот народ.

Штип е град со богата просветна и образовна традиција. Корените на оваа духовна човекова активност датираат уште од крајот на 18 век, односно 1793 година, кога во Штип за прв пат почнало со работа ќелијното училиште. Впрочем, тешко е да се каже точно времето кога во Штип е отворено првото „модерно“ училиште. Петар Завоев во својата книга „Град Штип“ како прв учител во Штип го споменува Даскал Мано или уште познат како Крив Мано. Неговото учителствување во Штип Завоев го поврзува со годината 1830. (Завоев, 1928).

До средината на 19-от век најраспространети биле ќелијните училишта познати и како манастирски и црковни училишта. Црковните училишни општини како просветни институции преку формирањето на училишта станале средиште на духовниот живот на градот Штип. Училиштата биле значаен фактор во неговиот развој. Тие не само што ги задоволувале образовните потреби, туку влијаеле и на неговото национално осознавање. Во претходните училишта не се работело според напишаните правила, закони, уредби и правилници, туку според воспоставената

традиција со која биле запознаени сите учители и граѓанството. Во училиштето се изучувало: буквар, псалтир, часословот, октоих, пишување, сметање, пеење и морално воспитување. Азбуката што се изучувала во училиштето како и книгите што се употребувале биле црковно-словенски, а во усниот говор учителот и учениците го употребувале македонскиот народен говор. Финансирањето на учителите се одвивало по пат на договор помеѓу наставниците и претставниците на црковните училишни општини и од родителите на учениците. Покрај плата, наставниците добивале и бесплатно сместување и храна во манастирот или училиштето.

Младата штипска буржуазија почувствувала потреба за масовно образование и воспитување на младите генерации. Во книгата *Штип низ вековите* најилустративно е објаснето првото световно училиште. „Првото световно училиште во Штип било отворено кон крајот на 1840 година. Црковната школска штипска општина за учител го ангажирала Павле Грозданов. Штипската општина Грозданов го испратила на усовршување во Ќустендил кај познатиот просветен и културен деец Неофит Рилски. Кај него тој ја усовршил новата Ланкестарска метода позната уште како заемна метода. Заемните училишта најпрво се отвориле во Англија во почетокот на 19 век, а потоа и во други европски земји“. (*Штип низ вековите, 1986*) Новонастанатите услови ќе доведат и до радикални промени пред сѐ во организацијата на наставната работа и методите на работење. Во „Штип на веќе зајакнатата буржуазија штипските трговци ќе инсистираат да доведат учители кои ќе изведуваат настава на повисок степен. Ќе финансираат дошколување на учители, но ќе изнаоѓаат начини на испраќање на своите деца на школување во развиените центри во Европа, од каде истите кога се враќаат како образовани луѓе назад во својот град Штип, со себе ќе донесат и ретка литература“. (Панајотов, 2008) На покана на првенците од Штип, Ѓорѓи Милетич, бил повикан да биде учител во Штип во 1861/62 година. Тој во „Штипското училиште внел некои нови предмети од практична насока, а ги вовел и првите учебници во наставата. Го знаел германскиот јазик и го предавал. Постои мислење дека прв го вовел и завршниот испит. Во Велес се оженил со Ефка Петрова. Ефка, пак, во 1861/62 година ја отворила женската паралелка во состав на градското класно училиште. Ова било првото женско училиште во Штип“.

Втората половина на 19 век е време на македонската предродба. Централно место во оваа преродбенска епоха во делот кој се однесува на школството, на педагошката мисла и воспитно-образовната практика има штипјанецот Јосиф Ковачев.




*Јосиф Ковачев (1839-1898)*

Тој е првиот македонски педагог кој во Белград ја завршил Духовната семинарија и Духовната академија во Киев. Неговото историски значење се состои во тоа што во 1869 година во Штип старото класично училиште го трансформирал во педагошко-богословно училиште прво од ваков вид во Македонија. Всушност, тоа ја преставува и првата учителска школа во нашата земја. Во педагошко-богословното училиште подготвувал кадри за учители во основното одделение и свештенички кадар. Наставната програма на педагошкото училиште ги содржала следните предмети: Мироводение, Физика, Политичка економија, Географија, Историја, Природна историја, Јазико знаење, Пишување и читање, Историја на религија, Историја на црквата, Религиозно образование, Германски јазик и Гимнастика. (Попазаров,1974) Настојувајќи да го постави школството на модерна основа го направил и првиот пробен чекор. Овде, за прв пат ја вовел новата гласовна аналитичко-синтетичка метода, позната во тоа време како звучна нагледна метода. Посебно внимание Ковачев посветил на практичната настава. Најпознати негови дела се Општа педагогија и Раководство на правичалното обучение - буквар по гласовна методика. Неговата објавена книга Школска педагогија или методичко раководство за учители и управители за народните школи печатено во Виена 1873 била единствената книга што им послужила како помагало на македонските учители. Во овој период, особено како силен фактор се оформило и Штипско Ново Село, и не

случајно ова место станало центар на сите просветно-економски и духовни прилики. Од многубројните архитектонски зданија во Ново Село највпечатливи се црквата „Успение на Св. Богородица“ и објектот на училиштето.




*храм „Успение на Пресвета Богородица“ - Ново Село*

Појавата на овој објект не е случајна. Тоа е природна последица на објективните услови создадени со општествено-економскиот развој и стопанскиот напредок на градот Штип за повисоко образование. Историјата на овој објект претставува потврда за неговата образовна и културна традиција, со настани и личности кои ќе ја обележат најсветлата страна од неговото постоење.

Првата учебна година во него започнала 1882 година. Особено значење на овој објект му дава не само образовниот карактер, туку и духовноста што произлегува од непосредната близина на црковниот храм. Објектот е дел од богатото минато поврзано со образованието и

воспитанието од неговото подигнување до денес. Всушност, тоа е јадрото околу кое се собирале напредните умови во бурните времиња на македонскиот народ во 19-тиот и 20-тиот век. Во ова училиште учителствувале најславните имиња на македонското револуционерно движење, Гоце Делчев, Даме Груев, Петар Поп Арсов, Димитар Мирасчиев, Мише Развигоров и други. Во почетокот на ноември 1894 година Делчев ја отпочнал својата работа во новоселското класно училиште, а Туше Деливанов во Штипското третокласно училиште „Св. Кирил и Методиј“.



*Училиште „Св. Кирил и Методиј“ 1879 година*

Просветната и педагошка работа на Делчев не е само епизодна професионална обврска, туку и долг кон професијата и поширока посеопфатна содржајна функција во служба на делото на револуцијата и слободата на својот народ. Како учител професијата ја засакал и ја сфатил мошне одговорно, целосно посветувајќи се на просветно-педагошката и образовна работа со учениците. Тој со своите другари и истомисленици станал основоположник на едно ново самостојно педагошко училиште на револуционерната педагогија. Резултатите што ги постигнал во педагогијата ќе бидат значајни не само како дидактички вредности во својата методско–педагошка издржаност, туку и како ценет придонес во ризниците на нашето

педагошко и културно богатство. Кај Гоце успешно беше обединета просветно-педагошката активност со револуционерната. Од зачуваните свидетелства се гледа дека предавал Француски, Математика, Географија и Природна историја. Францускиот јазик го знаел добро како и турскиот.



*Ученици во училиштето „Св. Кирил и Методиј“*

Со формирањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ во 2007 година, објектот ќе добие нов и препознатлив лик. Во него денес е сместен Ректоратот на Универзитетот.

Во Штип до 1912 година додека траело турското владеење, постоеле неколку вида училишта: муслимански, христијански (каурски), еврејско и бошњачко. Државна вера и јазик во наставата бил исламот и турскиот јазик. Имало 4 основни училишта, Руждија (неполна гимназија) и Медреса. Зградите на училиштата биле државни. Имало и основни егзархиски училишта (мешовити) и една тригодишна нижа гимназија. Училишните згради биле сопственост на црковно - школската општина. Децата на побогатите штипјани школувањето го продолжувале во Солунската гимназија. Едното училиште се наоѓало во Стар конак и се викало „Св. Рангел (во дворот на

црквата Св. Архангел Михаил, денес ДМУЦ „Сергеј Михајлов“), другото училиште „Св. Кирил и Методиј“ веднаш до црквата „Св. Никола“ и третото „Света Богородица“ во Штипско Ново Село, во дворот на црквата „Успение на Пресвета Богородица“. Во штипската каза во тоа време работеле вкупно 45 учители (38 учители и 7 учителки). Постоело и едно еврејско и едно бошњачко училиште.



*Училиштето во Ново Село, 1872*
*(во дворот на храмот „Успение на Пресвета Богородица“)*

Пред воспоставувањето на српската администрација во Македонија, училиштата биле во рамките на црковно-училишните општини на Бугарската егзархија и наставата се изведувала исклучиво на бугарски јазик. Поради Балканските војни наставата во учебната 1912/1913 година била прекината бидејќи некои од училишните згради биле претворени во болници или касарни. Напорите на црковно - училишните настојателства, наредната учебна година да започне на време, не се оствариле.

Со воспоставувањето на српскиот државен просветен систем во „новоослободените краишта“, односно Вардарскиот дел на Македонија, не започнала и примената на законодавство на Кралството Србија, туку во тој

т.н. адаптивен период правно се регулирал со бројни Уредби со законска сила. Во 1913 година со Кралски указ била отворена, нижа гимназија „Српска кралска гимназија“, во која предавањата се држеле на српски наставен јазик. Во истата биле вработени девет наставника. За средување на проблемите кои владееле во областа на просветата, по завршување на Балканските војни, биле ангажирани истовремено неколку министерства: Военото, Министерството за внатрешни работи и Министерството за просвета и црковни работи. По конечното разграничување, пред крајот на 1913 година биле формирани три просветни области: Битолска, Скопска и Брегалничка, во чиј состав влегла штипската. Покрај другите олеснувачки околности, доведените учители добивале додаток на име за работа во тешки услови и бенефициран работен стаж (три за две работни години). Министерскиот совет им одобрил на сите службеници во просветата, без оглед на ранг, бесплатен превоз до работното место на целото семејство и покуќнината. Тие привилегии ги немале егзархиските учители кои заминувале на работа од Македонија во северните делови на Србија. Ваквата ситуација во просветата се задржала сè до заминувањето на српските власти од Штип во есента 1915 година.

Перидот од 1915 до 1918 година, односно периодот за време на Првата светска војна, бил период на образование во воени услови. Период на криза и тоа не само во Штипско, туку и во македонското образование воопшто. Училишните згради биле повторно користени за потребите на војската. Во Штип веднаш по заминувањето на српските власти престанала со работа српската гимназија и сите основни училишта. Со воспоставување на бугарската администрација првата учебна година за основното образование започнало од 1916 година. Учителскиот кадар претежно бил од женски пол, поради тоа што сите мажи биле мобилизирани. За време на Првата светска војна Гимназијата во Штип продолжила со работа, но овој пат на бугарски јазик.

По присоединувањето на Македонија кон Кралството на СХС и со повторното воспоставување на српската власт во 1918 година, прво што сториле српските власти било да го забранат македонскиот јазик, воведувајќи го српскиот како официјален. Програмите во образовните институции биле прилагодени исклучиво кон потребите на новата власт. Образованието добива на интензитет и растеж, но не од причини што српските власти сакале да го издигнат на културно-просветно ниво македонскиот народ од овој крај, туку, исклучиво од пропагандни асимилаторски цели.

Штип и Штипско била заостаната културно - просветна средина. Школството и просветните услови биле сведени на минимум, а процентот на неписменост на населението бил огромен. Оваа состојба била условена од повеќе причини: традицијата, социјалните услови, османлиското наследство, но главно е детерминирана од општата ситуација во која ќе се најде македонскиот народ во составот на Кралството на СХС.

Гиманзијата во Штип започнала со работа на 17 декември 1918 година како нижа со четири класа, а во полна односно државна реална Гимназија започнала на 17 септемви 1920 година. Социјалната структура на учениците изгледала вака: најголем број на ученици биле на трговците, занаетчиите, земјоделците, чиновниците, работниците и други занимања. Покрај Гиманзијата и основните училишта, имало и турско училиште како и женско работничко училиште. Во овој период почнало ревитализирањето и пуштањето во функција на неколку училишта во селата кои гравитирале кон Штип. Посебен акцент се давало на изучувањето на српскиот јазик, српската култура и историја. Постоело и еврејско училиште. Според податоците на Исак Сион тоа не било училиште од современ тип, со верифициран степен на образование. Читањето и пишувањето било на хебрејски јазик со хебрејски букви, а се изучувала и еврејската историја. Овие образовни институции ќе работат без прекин во државата на Кралството СХС, а подоцна Кралството Југославија сè до 1941 година, односно до почетокот на Втората светска војна.

За време на бугарското управување во Македонија од 1941/44 година училиштата во Штип и Штипско продолжиле со работа. Наставата се изведувала на бугарски јазик. Организирањето на школството и просветата во Македонија, па и во Штип била со исти принципи на функционирање како претходно, но сега на бугарски јазик. Бил формиран широк систем на образовни функции според утврден план. Во Штип почнала со работа гимназијата чија работа била утврдена со посебен акт. Основните народни училишта за време на бугарското управување „биле распоредени во четири пункта во зависност од бројот на формираните општини во Штип и Штипско и тоа „платежен пункт во Штип „Св. Архангел Михаил„ и „Св. Кирил и Методиј“ со по четири учители и „Св. Богородица„ во Ново Село со пет учители“. Во околните села биле отворени три платежни пункта. (Донев,1997)

После успешно завршената народно-ослободителна војна и ослободувањето на Македонија за прв пат се овозможило развивање на школството на македонски јазик. Тоа било потврдено на Првото заседание на АСНОМ 1944 година, каде била донесена историската одлука за

воведувањето на македонскиот јазик како службен во слободната македонска држава. Президиумот на АСНОМ заедно со Поверенството за просвета, донел повеќе одлуки и упатства за дефинирање на современата македонска азбука, на граматиката на македонскиот јазик, на наставните планови и програми, прирачниците и учебниците, организирањето аналфабетски курсеви, обезбедувањето учителски кадри, оспособувањето просторни услови за наставна работа, а го покренува и прашањето за отворање универзитет во Скопје. Благодарение на преземените мерки и активности многу основни училишта ја започнуваат својата работа уште пред конечното ослободување на Македонија. (К. Камберски,1994)

По Втората светска војна системот на воспитанието и образованието во Македонија бил инкорпориран во образовниот систем на тогашната СФРЈ. Интенцијата на овој развиен систем била да се создаде модерно образование и воспитание на современа основа и во нови услови.

## 2. Образование на наставници

### 2.1 Првите почетоци во повоениот период и основањето на Учителската школа

Во повоениот период, системот на воспитание и образование го опфаќа и системот на институции за образование на идните наставници. Во тој контекст е отворањето и обновувањето на учителските школи кои подготвуваат учители со што сегментот на подготовка на идните наставници кои ќе реализираат настава на мајчин, македонски јазик почнува нова епоха во својот развој.

По завршувањето на војната, со ширењето на училишната мрежа се наметнал проблемот од недостиг на квалификуван учителски кадар во Македонија, а посебно во Штип и Штипско. Во таа насока било донесено решение од Министерството за народна просвета на Демократска Федеративна Македонија во 1945 год., за отворање на педагошки паралелки при Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Отворените паралеки послужиле како основа за формирање на Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип. Така со решение на Владата на Народна Република Македонија Учителската школа својата работа ја започнала во учебната 1946/47 година. Имено, учителската школа „Гоце Делчев“ за време на нејзиното постоење 1946-1959 год. била препознатлива како специфична, елитна општообразовна и стручна установа со интернатска организација на ученичкиот живот, а учењето и обучувањето на македонски литературен јазик на народни учители со теоретски знаења, практични умеења, професионални особини и ставови, карактеристики, кои го возвишиле нејзиното име и нејзиниот просветно-културен престиж за постепено да се издигне до ниво на своевидна легенда - мит во меморијата на учениците, професорите, менторите, другите вработени, ученичките родители, граѓаните и институциите во Штип и пошироко во Источниот дел на Македонија. Оваа симболика учениците спонтано ја трансформирале во фразата: штипска учителска Сорбона.

Престижноста на Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип произлегувала од нејзината внатрешна организација, од атмосферата во која дејствувала, од активитетот на сите субјекти во неа и во општествената средина, од воспитно-образовната клима, од здравите професионални односи и од квалитетот на кадарот што таа го оспособувала, што бил еднаков или им се приближувал на европските мерила и критериуми.

За квалитетот на школата говори и интересот за запишување во

школата кој бил голем, за што зборуваат бројките на запишани ученици. Во учебната 1946/47 год. се запишани вкупно 167 ученика распоредени во 4 паралелки. За споредба во учебната 1955/56 година се запишани 239 ученика распоредени во 7 паралелки, а во 1958/59 година бројот на ученици бил уште поголем, па биле запишани 663 ученика распоредени во 19 паралелки, за што говори прегледот на запишани ученици од март 1963, од архивата на школата.



РОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УЧИТЕЛСКА ШКОЛА
„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
Бр. 03-176/1-61
21-5-1961 год.
ШТИП

До ЗАВОДОТ ЗА ШКОЛСТВО НА
-Штипска околија-
ШТИП

ПРЕДМЕТ: Податоци за школите од
прв степен.

Врска Ваш бр.10-1587 од 18 март 1961 год.

Место-Штип
Вид на школата-Учителска школа
Назив-Учителска школа"Гоце Делчев"-Штип
1.Училиштето е основано - 1946 година
2.Училиштето е престанало со работа —
3.Повторно е обновено —

4. Дипломирале од 1946-1959/60 година 688

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | 1947/48 | 272 | бр.и дипломирало | 31 бр |
| | 1948/49 | 292 | -"- | 54 " |
| | 1949/50 | 279 | -"- | 59 " |
| | 1950/51 | 236 | -"- | 59 " |
| | 1951/52 | 255 | -"- | 34 " |
| | 1952/53 | 224 | -"- | 49 |
| | 1953/54 | 230 | -"- | 50 |
| | 1954/55 | 239 | -"- | 45 |
| | 1955/56 | 239 | -"- | 45 |
| | 1956/57 | 347 | -"- | 39 |
| | 1957/58 | 539 | -"- | 50 |
| | 1958/59 | 663 | -"- | 95 |
| | 1959/60 | 761 | -"- | 78 |
| | 1946/47 | 149 | -"- | - |
| | 1946/60 | 4725 | | 688 |

Сметаме дека горе наведените податоци ќе ги задоволат Вашите потреби.

Смрт на фашизмот---Слобода на народот

ДИРЕКТОР
Михаил Лозанов
М. Лозанов

НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАРОДЕН ОДБОР НА ШТИПСКА ОКОЛИЈА
ШТИП
Примено: 23-3-1961

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 1474/4 | - | - |

УЧИТЕЛСКА ШКОЛА ШТИП

*Преглед на запишани и дипломирани ученици во Учителската школа од учебната 1946/47 до 1959/60 година*

Бројот на наставници кои биле вклучени во реализирањето на наставните програми исто така растел. Во учебната 1946/47 год., биле 12 наставника, во 1955/56 година наставата ја изведувале 16 професори од кои 8 хонорарни, а веќе во учебната 1958/59 година во Учителската школа работеле 13 редовни професори и 2 хонорарни, преподаватели 1 редовен и 2 хонорарни, учители редовни 6 и 3 хонорарни, или вкупно 27 од кои 7 хонорарни.

За време на своето постоење Учителската школа „Гоце Делчев“ била раководена од повеќе директори: Лазар Тониќ, Панче Настев, Глигор Трајановски, Јонче Јосифовски, Ванчо Дубровски, Михаил Лозанов, Воислав Глигориевиќ.

Големиот интерес за школување во Учителската школа создавал и просторни проблеми, како со адекватни простории за изведување на наставата, така и за сместување на запишаните ученици. Во текот на своето постоење неколкупати ги променила просториите за работа. Учителската школа најпрвин била сместена во старата зграда на бившата Гимназија во која биле сместени и паралелките на Гимназијата „Славчо Стојменски“.



*Зградата на старата Гимназија во Штип (денес клон на детската градинка „Вера Циривири Трена“)*

Потребата од простор од следните години била задоволена со сместување на Учителската школа во основното училиште во Ново Село, а Интернатот да се смести во зградата на „Расадник“ (претходно користена за потребите на Земјоделското училиште).




*Извештај за работата на Учителската школа „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 1955/1956 година*[1]*

Во учебната 1955/56 година повторно, по налог на Секретаријатот за просвета и култура во Штип, Учителската школа била преместена на еден од

[1] Вакви извештаи Учителската школа издала и за учебните 1954/55, 1956/57, 1957/58 и 1958/1959 година.
[*] На насловната е училишната зграда во Ново Село, која во 1957 година добила и трети кат.

катовите на Гимназијата, Интернатот во просториите на основното училиште во Ново Село. Во учебната 1955/56 год. Гимназиската зграда се користела исклучиво за потребите на Учителската школа, на еден од катовите сместен и Интернатот. Ваквата состојба траела до 1959/60 год. Кога за потребите на Гимназијата, Интернатот повторно е преместен во „Расадник“ каде ќе функционира сè до неговото у[2]кинување во 1963 год. Учителската школа останала во гимназиската зграда се до добивањето на новата зграда во 1969 година.



*Зградата на Гимназијата „Славчо Стојменски“ – Штип*
*во педесеттите години на минатиот век*

Учителската школа „Гоце Делчев“ се одликувала со хармонизирани и урамнотежени програмски содржини од науката за човекот, науката за општеството и од науката за природата. Темелот на тој концепт (без оглед на времетраењето на школувањето, три, четири или пет години) го сочинувале: содржините од македонскиот јазик и литературата, педагошко-психолошко-логичките содржини, историско-географски, методички итн. Структурата на наставниот план ја сочинувале неколку групи наставни предмети со кои требало да се обликува идниот учител од аспект на неговата струка,

2

неговата стручност и од аспект на неговата (општа) култура.

И покрај честите промени и корекции во наставните планови (предвид на промените и во времетраењето) споредбениот разглед на предметите што се учат и нивната застапеност со наставни часови, програмските содржини и нивниот обем, како и процентуалниот однос меѓу одделните групи на предмети, покажува дека станува збор за релативна стабилност во текот на целото постоење и функционирање на Учителската школа „Гоце Делчев“. Концепцијата на Наставниот план и наставните програми ги задоволувала и највисоките европски стандарди. Според важечките европски модели, 5-годишната учителска школа (за генерациите од учебните 1952/53 до 1957/58) претставувала кулминација во постојаното преиспитување, трансформирање и модернизирање во однос на растечките образовни потреби на македонското општество во подем. (Во денешна смисла тоа е ниво на мастер учител).

***Наставни планови од годините:*** ***1947/48 I-III кл.*** ***1953/54 I-IV кл.*** ***1957/58 I-V кл.***

| | **Матични предмети за струката - учители** | **Часови** | % | **Часови** | % | **Часови** | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Макед. јазик со литература | 15 | | 17 | | 19 | |
| 2. | Историја | 9 | | 7 | | 9 | |
| 3. | Географија | 7 | | 7 | | 9 | |
| 4. | Биологија | 7 | 53 | 8 | 55 | 9 | 57 |
| 5. | Математика | 5 | | 7 | | 11 | |
| 6. | Цртање со ист.на уметноста | 4 | | 8 | | 7 | |
| 7. | Музика (и свирење) | 4 | | 8 | | 9 | |
| 8. | Фискултура | 5 | | 8 | | 8 | |
| | **Вкупно:** | **56** | | **70** | | **81** | |
| | Методика (и практични вежби, практ. училишна раб. и сл.) | 13 | 15 | 12 | 9 | 13 | 9 |
| | Рачна работа | 3 | | | | | |
| | **Вкупно:** | **16** | | **12** | | **13** | |

| | **Предмети - позив, стручност** | **Часови** | % | **Часови** | % | **Часови** | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Педагогија | 8 | | 8 | | 6 | |
| 2. | Историја на педагог. | 2 | | | | | |
| 3. | Педагошко-психо.сем. | | 12 | | 9 | 2 | 10 |
| 4. | Психолог. со логика | 3 | | 6 | | 7 | |
| | **Вкупно:** | **13** | | **14** | | **15** | |

| | **Предмети -општо образование** | **Часови** | % | **Часови** | % | **Часови** | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Филозофија (основни) | 2 | | 2 | | 2 | |
| 2. | Туѓ јазик | 7 | | 9 | | 11 | |
| 3. | Устав | 1 | | | | | |
| 4. | Полит. економија | | | 2 | | 3 | |
| 5. | Хемија | 3 | | 4 | | 5 | |
| 6. | Физика | 4 | 20 | 5 | 27 | 6 | 24 |
| 7. | Геолог. со минерол. | | | 2 | | | |
| 8. | Стопанство | 3 | | | | | |
| 9. | Хигиена | 1 | | 1 | | | |
| 10. | Предвојничка обука | | | 8 | | 6 | |
| | **Вкупно:** | **21** | | **33** | | **33** | |
| | **Вкупно часови:** | **106** | **100** | **127** | **100** | **143** | **100** |

*Компаративен преглед на наставните планови од 1947/48, 1953/54 и 1957/58 година*

## НАСТАВЕН ПЛАН
### За учителските школи од 15. 01. 1953 год.

| Ред. број | Предмети | Класови | | | | Сè |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | |
| 1 | Општа педагогика | - | 2 | 2 | 2 | 6 |
| 2 | Психологија со логика | - | 2 | 2 | 2 | 6 |
| 3 | Македонски јазик | 5 | 4 | 4 | 4 | 17 |
| 4 | Туѓ јазик | 2 | 2 | 2 | 3 | 9 |
| 5 | Историја | 2 | 3 | 2 | 3 | 10 |
| 6 | Географија | 3 | 2 | - | 2 | 7 |
| 7 | Геологија со минерологија | - | - | 2 | - | 2 |
| 8 | Биологија | 3 | 3 | 2 | - | 8 |
| 9 | Хемија | - | - | - | 1 | 1 |
| 10 | Математика | 3 | 2 | 2 | - | 7 |
| 11 | Физика | 3 | 2 | - | - | 5 |
| 12 | Хемија | 2 | 2 | - | - | 4 |
| 13 | Основи на политичка екон. со економика на ФНРЈ | - | - | - | 2 | 2 |
| 14 | Филозофија | - | - | - | 2 | 2 |
| 15 | Цртање со истор. на уметн. | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| 16 | Музика (вокална и инстр.) | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| 17 | Фискултура | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| | Вкупно часови | 29 | 30 | 24 | 27 | 110 |
| 18 | Предвојничка обука | 2 | 2 | 2 | 2 | 8 |
| 19 | Практична училишна работа во Вежбалницата | - | - | 4 | 4 | 8 |
| 20 | Семинар по педагогика | - | - | - | 2 | 2 |
| 21 | Прак. раб. во работилницата за политехничко образ. | 2 | 2 | - | - | 4 |
| 22 | Практична работа по земјоделие и домаќинство | 1 | 1 | 1 | - | 3 |

*Наставен план за учителските школи од 1953 година*

## *НАСТАВЕН ПЛАН*
### *За петгодишната учителска школа во 1954 год.*

| Ред. број | Предмети | Класови | | | | | Сè |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | |
| 1 | Општа педагогија со историја на педагогијата | - | - | 2 | 2 | 2 | 6 |
| 2 | Општа психологија со логика и примена на детстка и педагошка психологија | - | - | 3 | 2 | 2 | 7 |
| 3 | Дидактика и методика со практична работа | - | - | - | 6 | 7 | 13 |
| 4 | Перадгошко-психолошки семинар | - | - | - | - | 3 | 3 |
| 5 | Основи на филозофијата | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 6 | Основи на политич. економија со економика и општествено устројство на ФНРЈ | - | - | - | - | 3 | 3 |
| 7 | Народен јазик со литература и семинар | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 19 |
| 8 | Туѓ јазик | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 12 |
| 9 | Историја | 2 | 2 | 2 | 2 | - | 8 |
| 10 | Географија со геологија | 2 | 2 | 2 | 2 | - | 8 |
| 11 | Историско-географски семинар | - | - | - | - | 2 | 2 |
| 12 | Природознание со хигиена | 3 | 2 | 2 | 2 | - | 9 |
| 13 | Хемија со минерологија | 3 | 2 | | - | - | 5 |
| 14 | Математика | 3 | 2 | - | 3 | - | 11 |
| 15 | Физика | - | 2 | 2 | - | - | 6 |
| 16 | Музичко воспитание | 3 | 2 | 3 | 2 | - | 9 |
| 17 | Цртање со краснопис | 3 | 2 | 2 | - | - | 7 |
| 18 | Фискултура | 2 | 2 | 2 | 2 | - | 8 |
| 19 | Предвојничка обука | - | 2 | 2 | 2 | - | 6 |
| | **Вкупно:** | 28 | 28 | 30 | 30 | 27 | 143 |

*Наставен план за петгодишна учителска школа од 1954*

Структурата на Учителската школа „Гоце Делчев“ ја сочинувале Училишниот одбор, Преподавателскиот совет (Наставнички совет), Класниот совет, класните раководители и Ученичката заедница. Во Училишниот одбор покрај директорот и професори од Учителската школа влегувале и субјекти предложени од Општинската заедница. На состаноците на одборот биле разгледувани прашања кои се однесувале на ангажираност на кадарот, буџетот, уписот на ученици, успехот и поведението и др.

Преподавателскиот совет го сочинувале сите професори, предавачи, стручни учители и учители. На состаноците на советот, главна преокупација биле индивидуалното и колективно стручно издигнување на наставниците, квалитетот на наставата, работата на класните совети и класни раководители, буџетот, успехот и поведението на учениците, односот помеѓу наставниците и учениците и други прашања главно од организационен карактер.



*Наставнички колегиум во учебната 1957/58 година*

Класната заедница од воспитно - идеен аспект ја обезбедувала формата за зацврстување на смислата за колективи и колективно живеење и заедно со Ученичката заедница како целина, настојувале тесно да се поврзат со Наставничкиот и Интернатскиот совет во разрешувањето на состојбите кои се однесувале на учениците, усклaдување на дејностите, соработка со асоцијациите во училиштето и надвор од него.

За успешно следење и реализирање на наставата, во зависност од тоа какви биле просторните можности се воведувала кабинетска настава, каде се сместувала соодветната стручна литература за одделните наставни предмети со можност за непосредно вклучување на учениците во нивното оптимално користење. Кабинетите не биле само обични збирки на наставни средства, туку во извесна смисла и наставно–истражувачки институции.

Покрај редовната настава голем придонес во оформувањето на звањето учител имала и практичната работа на учениците во Вежбалната, составена од 4 паралелки од I до IV одделение. Во текот на годината редовно се изведувале практични и методски единици од учениците од последната година на школување. Секој ученик имал обрска да хоспитира 4 дена со што се запознавал со школската проблематика и администрација како и да реализира одреден број предавања. Хоспитациите понекогаш се правеле и во училиштата од околните села.

Потребата од стручна литература ја овозможувала добро опремената библиотека со читална кои им биле ставени на располагање на учениците и на наставниците.

Во рамките на Учителската школа постоеле и бројни секции во кои биле опфатени речиси 85 % од учениците. Постоеле и активно дејствувале: литературна дружина, педагошка секција, секција за методско-практична работа во која задолжително членувале учениците од IV и V клас, друштвото „Партизан“, стрелачка секција, друштво на подмладокот на Црвениот крст, клуб на млади писатели, новинарска секција, драмска секција, ликовна секција, машки и женски хор, народен оркестар, разни курсеви и семинари и сл.

Во текот на учебната година, во согласност со наставните планови биле предвидени екскурзии (месни, локални, регионални, републички), а во последната година од школувањето и сојузни традиционални екскурзии.

Во летниот период многу ученици се вклучувале во разни акции за општо - корисна работа, како што биле младинските акции за изградба на инфраструктурата во државата.

Зенитот на индивидуалното стручно достигнување, бил државниот

учителски испит. Испитот содржински претставувал обединета тематска композиција на содржини и барања за целосно претставување на личната педагошко-психолошка, предметно-методичка, јазично-литературна и говорно-комуникативна култура на кандидатот. Се полагал како законска обврска по втората година од дипломирањето, односно вработувањето, со цел компетентна комисија да ги процени стручно - професионалните квалитети, оствареиот напредок, самостојниот пристап и индивидуалната креативност. Комисијата ја сочинувале професори во Учителската школа „Гоце Делчев" – по Педагогија, Методика, Македонски јазик и литература. Учителските државни стручни испити започнале да се изведуваат во 1952 година. Првата група што полагала државен стручен испит за звањето учител го започнала на 6 октомври 1952 год. Во периодот од 1952 сè до 30 мај 1961 година за полагање на државен стручен испит за звањето учител, (кога се укинати стручните испити), во Учителската школа во Штип се пријавиле 991 кандидат од кои 624 го положиле испитот и се здобиле со звање учител. Државниот испит бил еден од условите за останување на учителска должност.

Паралелно со основањето на Учителската школа во 1946 година е отворен и Ученички дом (Интернат). Од 1952 година е прогласен за установа со самостојно финансирање. Како и Учителската школа така и Ученичкиот дом ги менувал просториите, во различни објекти, па дури за сместување на сите ученици биле опфатени и приватни куќи. Покрај згрижувањето и исхраната, Ученичкиот дом и одговорните воспитувачи својата улога ја остварувале од реализација на воспитните содржини пред сè преку организација на учењето и следењето на успехот на учениците-домци преку формирање на морални норми во однесувањето и поведението, развивање на естетско чувство (уредување на просториите, собите за спиење, училишниот двор), па сè до водење грижа за здравјето и организирањето на слободното време и слободни активности.

## 2.2 ВИША ПЕДАГОШКА ШКОЛА 1959-1961 ГОДИНА

Втората половина на 20-тиот век, во светски рамки, е окарактеризирана како период на брз и радикален развој на науката, техниката и технологијата. Тоа е време во кое информацијата станува најзначаен ресурс во човековата заедница. Во тој контекст, образованието сè повеќе се третира како средство за развој и форма низ која ќе се обезбеди следење на техничко - технолошките достигнувања, а истражувањата во оваа сфера стануваат сè поактуелни. Во овој период е донесен Закон за задолжително осумгодишно основно образование за сите граѓани на тогашната југословенска држава што пак имплицирало со значително зголемување на бројот на основношколци.



*Виша педагошка школа 1959-1961 година /*
*Педагошка академија 1962–1995 година*

Потребата од отворање на установа за продуцирање на учителски кадри значајно се зголемила. Вишата педагошка школа била новиот модел преку кој и квалитативно и квантитативно ќе се зајакне образованието на учители/наставници. Поради тоа Народното собрание на Народна Република Македонија на 29.9.1959 година донело одлука за основање на Виша педагошка школа. Со одлука бр. 53 од 29.9.1959 година од Народното собрание на НРМ се основа Виша педагошка школа со групи за подготвување наставници за работа во вишите одделенија по следните предмети: Македонски и Српско-хрватски јазик со литература на југословенските народи, Историја и Географија, Математика и Физика, Физика и Биологија, Француски и Македонски јазик. Школата започна со работа на 12.11.1959 година. (Недков и др., 1969,6)



# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на НРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата

Вторник, 13 октомври 1959
Скопје
Број 22 Год. XV

Претплатата за 1959 год. изнесува 1.500 дин. Овој број чини 64 дин. Жиро сметка број 802—11/1—498.

136.

На основа член 75 став 3 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија, Народното собрание на Народна Република Македонија на Единаесеттата заедничка седница на Републичкиот собор и Соборот на производителите одржана на 29 септември 1959 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РАБОТЕЊЕТО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Се потврдува Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за организацијата и работењето на Извршниот совет број 03—986/1 од 18 мај 1959 година, објавена во „Службен весник на НРМ" бр. 20 од 9 јуни 1959 година.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Бр. 51
29 септември 1959 година
Скопје

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

137.

На основа член 21 став 1 точка 8 од Уставниот закон за основите на општественото и политичкото устројство и органите на власта на Народна Република Македонија и член 184 став 1 од Деловникот на Републичкиот собор на Народното собрание на Народна Република Македонија, Народното собрание на Народна Република Македонија на Единаесеттата седница на Републичкиот собор одржана на 29 септември 1959 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ОСНОВАЊЕ ВИША ПЕДАГОШКА ШКОЛА ВО ШТИП

1. Се основа Виша педагошка школа со седиште во Штип.

2. Задачата на Школата е да подготвува образован кадар за основните училишта.

3. До донесувањето на сојузниот општ закон за школите за образование на наставниците, на организацијата и работата на Школата сходно ќе се применуваат доколку не се во спротивност со Општиот закон за школството одредбите на Законот за Вишата педагошка школа во Скопје и соодветните одредби од Уредбата за пренесување работите во надлежност на републичките органи на управата односно републичките совети.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 53
29 септември 1959 година
Скопје

Народно собрание
на Народна Република Македонија

Претседател
на Републичкиот собор,
Киро Георгиевски, с. р.

Претседател
на Народното собрание,
Лазар Колишевски, с. р.

138.

На основа член 5 од Правилникот за определување највисоки положајни плати за положаите на управници (директори) на одделни видови здравствени установи, Советот за народно здравје на НРМ на својата V редовна седница одржана на 8-IX-1959 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЈВИСОКИ ПОЛОЖАЈНИ ПЛАТИ ЗА ПОЛОЖАИТЕ НА УПРАВНИЦИ (ДИРЕКТОРИ) НА ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ ВО НРМ

I. Во Одлуката за највисоки положајни плати на управниците (директори) на одделни видови здравствени установи во НРМ („Службен весник на НРМ" бр. 23/58 год.) се вршат следните измени:

1. Во точка I наместо „во бруто износ од 28.200 до 36.500 динари се става „во нето износ од 14.000 до 19.000 динари".

2. Во точка II наместо „во бруто износ од 16.300 до 28.000 динари" се става „во нето износ од 9.000 до 15.000 динари".

3. Во точка III наместо „во бруто износ од 16.300 до 28.200 динари" се става „во нето износ од 9.000 до 14.000 динари".

4. Во точка IV наместо „во бруто износ од 16.300 до 21.000 динари" се става „во нето износ од 9.000 до 12.000 динари".

*Одлука за основање на Виша педагошка школа во Штип објавена во Службен весник на НРМ од 13.10.1959 година*

Изборот на првите наставници по конкурсот што го објавил Матичниот одбор, го вршел Советот за просвета и култура на НРМ според постојните законски прописи за високо школство. Биле избрани осум наставници во звање предавач на виша школа и еден хонорарен во звање професор на виша школа. Избраните кандитати, иако релативно млади, зад себе имале наставничко искуство и биле истакнати и афирмирани просветни работници во одделни училишта во Македонија. Народниот одбор на Штипската околија, во тесна соработка со Народниот одбор на Општина Штип, на секој

наставник му обезбедил стан и вработување на брачниот другар. Била обезбедена и потребната соработка со Вишата педагошка школа во Скопје, посебно во делот на кадровските потреби, наставата и слично. (Недков и др., 1969, 342) Првиот совет, како највисок самоуправен орган се формирал на 7.12.1959 година, т.е. само десетина дена по започнувањето на редовната настава. Советот броел 13 члена, 5 од нив од работната заедница, 1 студент, 7 делегирани од Собранието на Републиката, Собранието на општината, општествено-политичките организации и други заинтересирани органи. За прв претседател на Советот бил избран Борче Самоников, секретар на ОК СКМ-Штип. (Недков, 1969, 37) Првиот Наставнички совет (1959) го сочинувале професорите: Ванчо Дубровски (Штип) – директор и предавач во Вишата школа по педагогија и психологија на наставниците во двопредметните групи; Атанас Николовски (Штип) и Иван Глигоров (Штип) за групата македонски јазик со српскохрватски јазик; Борис Мицков (Струмица) за математика и физика; Благој Цветковски (Гевгелија) за историја и географија, Тодор Сенев (Кочани) за биологија, Трајан Стојановски (Битола) за француски јазик и македонски јазик. Недостигот од редовни наставници се пополнувал со хонорарни наставници, главно од Вишата школа „Св. Климент Охридски“ од Скопје. (А. Николовски, 2017, 91.)

Вишата педагошка школа со работа започнала во дел од просториите на бившата Учителска школа. Но веќе втората година, со зголемување на бројот на запишани студенти, просторот станал тесен. Прашањето не се решило и со укинувањето на Учителската школа, бидејќи Гимназијата дошла во зградата како нејзин сопственик. Затекнатите просторни услови влијаеле на општата работна атмосфера, на можноста за подобра кабинетска настава, на индивидуалната работа со студентите, како и на оштите услови за работа на наставниците.

Целодневната работа во две смени, од 7:30 наутро до 20:00 часот навечер, не давала можност за модернизирање на наставата и можност за развивање на слободните активности на студентите. Поради тоа постојана била грижата на работниот колектив за здобивање со своја зграда. (Недков, 1969, 7) Долго време, во рамките на урбанистичкиот план на градот, се барало решение за лоцирање на зградата.

За да се реши проблемот со просторот, Собранието на Општина Штип на седницата на Општинскиот собор и на Соборот на работните заедници, одржана на 20 јуни 1966 година, донело решение за доделување на градежно земјиште на трајно користење. Со донесувањето на ова решение требало да се задоволат сите потреби на институцијата и да се обезбедат неопходните услови за непречено одвивање на просветно-образовниот процес во Штип. За изградба на новата зграда Републичкиот општествен фонд за финансирање на образованието и Собранието на Општина Штип доделиле вкупно 4 милиони динари, неповратни средства. Градежното

претпријатие „Пелагонија” во март 1967 година започнало со изградбата на новата зграда која била завршена на почетокот на 1969 година, а наставата во неа почнала да се изведува од 1 февруари 1969 година. Новата зграда располагала со 4.680 м2 работна површина. За прв пат Педагошката академија од своето постоење добила наменска зграда, со предавални, кабинети, лаборатории, библиотека со читални, простории за спортска активност на студентите, заеднички простории, простор за администрацијата. Зградата била со парно греење, со потребните инсталации, била комплетирана со современа и функционалана опрема. Во двата амфитеатри и другите слушални, биле монтирани амфитеатрални столици што овозможуваат, според потребите, поголем капацитет на слушатели. Вкупната површина со која располагала Педагошката академија изнесувала 13.000 м2.



*Наставен час во амфитеатарот во зградата на Педагошката академија*

## 2.3 ПЕДАГОШКА АКАДЕМИЈА 1961-1995 ГОДИНА

Со одлука на Извршниот совет (Владата) на Народна Република Македонија, Вишата педагошка школа во 1961 година со работа продолжила како Педагошка академија.

**УРЕДБА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ СО РАБОТА НА ВИШИТ**
**ПЕДАГОШКИ ШКОЛИ ВО СКОПЈЕ И ШТИП**
**КАКО ПЕДАГОШКИ АКАДЕМИИ**

Член 1

Вишата педагошка школа во Скопје основан со Законот за Вишата педагошка школа во Скоп] („Службен весник на НРМ" бр. 38/58) и Вишат педагошка школа во Штип основана со Одлукат за основање на Вишата педагошка школа во Шти („Службен весник на НРМ" бр 32/59) продолжуваа со работа како педагошки академии според одред бите од Законот за високото школство во Народн Република Македонија.

Член 2

Школувањето во педагошките академии тра две години (четири семестри).

Член 3

Педагошките академии ќе почнат со работа о; учебната 1961/62 година.

Член 4

На затечените студенти на Вишата педагошк: школа во Скопје и Вишата педагошка школа в( Штип кои до крајот на учебната 1960/61 година н( ги завршат студиите ќе им се обезбеди завршувањ( на истите на педагошките академии според досе-гашните прописи.

Член 5

Правата од член 21, 144 ст. 2 и чл. 149 ст. 2 о; Законот за високото школство во Народна Репуб-лика Македонија спрема педагошките академии ги врши Советот за просвета на НРМ.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзи-ното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Број 09-1505/1
21 јуни 1961 година
Скопје

ИЗВРШЕН СОВЕТ

Секретар, Претседател,
Филип Брајковски, с. р. Александар Грличков, с. р.

*Уредба за продолжување со работа на Вишата педагошка школа како*

*Педагошка академија од 21 јуни 1961 година*

Според Уредбата од 1961 година школувањето трае четири семестари, односно две години. Затечените студенти на Вишата педагошка школа во Штип и Скопје кои до крајот на учебната 1960/61 година нема да ги завршат студиите, продолжуваат да студираат на педагошките академии (Службен весник на НРМ, бр. 26/61). Уредбата е донесена во периодот кога претседател на Извршниот совет (Влада) на Македонија бил штипјанецот Александар Грличков. Веднаш потоа, Педагошката академија поднесува пријава до Стопанскиот суд во Штип за регистрација на установата согласно тогашните законски прописи.



ДО СТОПАНСКИОТ СУД

Ш т и п

П Р И Ј А В А

Од Педагошката академија во Штип.

Вишата Педагошка Школа во Штип е основана со Одлука бр.53 од 29.IX.1959 година на Народното собрание на Народна Република Македонија("Сл.весник на НРМ" бр.32/59 година).

Со Уредба бр.09-1505/1 од 21 јуни 1961 година на Извршниот Совет Вишата Педагошка Школа во Штип премина во Педагошка академија.

Академијата има свој Статут од 4.V.1962 година потврден од Републичкиот совет за просвета.Новиот Статут на Академијата е изработен,но се уште не е потврден од страна на Народното Собрание на Македонија.

Со оглед на тоа што оваа Академија е републичка установа и како таква до денес не регистрирана како установа во Стопанскиот суд во Штип,тоа Ве најучтиво молиме Педагошката академија во Штип да биде регистрирана во Вашиот суд и затоа нешто ни се издаде решение.

Сметаме дека Стопанскиот суд во Штип ќе ни излезне во пресрет за кое нешто однапред Ви благодариме.

16 мај 1966 година
Штип

Молител,
Педагошката академија
во Штип

Сл. весник бр. 26 јуни 1961

*Пријава на Педагошката академија „Гоце Делчев“ Штип за регистрација како републичка образовна установа во Стопански суд Штип*

Академијата ја започнала својата работа со двопредметните групи: македонски и српскохрватски јазик, математика и физика, историја и географија, француски и македонски јазик (подоцна оваа група се укинува) и биологија и физика.



Учителска школа
/Вид на училиштето/

„Гоце Делчев"
" Име на училиштето "

Штип
/Место/

П Р Е Г Л Е Д

ЗА ДВИЖЕЊЕТО НА СВРШЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ВО УЧИЛИШТЕТО
ОД II СТЕПЕН ВО УЧЕБНАТА 1960/61 ГОД.

А – ВО ТЕКОТ НА ШКОЛУВАЊЕТО

| Полагале за завршен испит | | | Испитот го положил | | | Не го положиле | | | Од таа генерација во I клас се запишале | | | Завршниот клас го завршиле | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | ж | се: | м | ж | се: | м | ж | се: | м | ж | се: | м | ж | се: |
| [illegible] | 94 | 128 | 23 | 41 | 64 | 31 | 33 | 64 | 78 | 146 | 224 | 56 | 75 | 131 |

Б – ДВИЖЕЊЕ НА МАТУРАНТИТЕ

| Добиле запослување во струката | | | вон струката | | | Вкупно се запослиле | | | Останале без работа | | | Отишле на студии: На соотв. виш. шк. | | | На др. виш. шк. | | | На соответни факул. | | | На др. факултети | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | ж | се: | м | ж | се | м | ж | се: | м | ж | се: | м | ж | се: | м | ж | се | м | ж | се | м | ж | се |
| [illegible] | 44 | [illegible] | – | – | [illegible] | [illegible] | [illegible] | 126 | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | – | | | |

*Преглед за движењето на завршените ученици во училиштето од втор степен во учебната 1960/61 година*

Со трансформирањето на вишата педагошка школа во педагошка академија, на академијата во учебната 1961/62 година паралелно со приемот на студенти започнал и *отсекот за одделенска настава*, кој бил прва група од ваков вид во образовниот систем. Подоцна, ваква група е формирана на другите педагошки академии. Со активирањето на Педагошката академија, постепено расте бројот како на студентите така и на наставниот кадар. Во

учебната 1961/62 година на отсекот одделенска настава се запишани 25 студенти во прва година. Во учебната 1964/65 година е основана нова група - биологија и хемија на која се запишале 73 студенти во прва година, а веќе учебната 1965/66 година престанува со работа наставата на групите физика-биологија и француски-македонски јазик. Во учебната 1971/72 година врз основа на потребите на пошироката заедница е формиран *отсекот за предучилишно воспитување* - отсек за воспитувачи за работа во предучилишните установи, за прв пат на Педагошката академија во Штип. (Донев,1997,343)

Интересот за студирање на францускиот јазик (таа група стана еднопредметна со основањето на Педагошката академија 1961 година) брзо спласнал до степен за неодложно покренување постапка за нејзино укинување. Групата всушност останала без студенти. Престанала да постои од 23.11.1964 година. Кон одлуката за формалното гаснење на групата француски јазик, стремеше и начинот на финансирање на Академијата од Републичкиот фонд за школство, што беше во согласност со позитивните прописи. Меѓу позначајните внатрешни промени со цел да се усоврши внатрешната организација, рационализација и функционалност во работата претставува и заменувањето /промената на групата биологија и физика со група биологија и хемија од 25.5.1964 година. (Недков, 1969, 10)

За развојот на Педагошката академија „Гоце Делчев“ Штип интересен е податокот дека во студиската 1962/63 година ги дала првите 3 (три) вишешколски дипломирани одделенски учители-одделенски наставници. (Николовски, 93)

Ако се анализираат податоците за наставно-научниот и соработничкиот кадар кој работел и работи на полето на иницијално образование на наставниците (од учителската школа, па до денес) се забележува како квантитативен, така и квалитативен раст на истиот.

Во Учителската школа во учебната 1958/59 е забележано видно зголемување на бројот на наставен кадар во однос на учебната 1955/56 година.

Во 1959 година, на сите наставни отсеци, на Вишата педагошка школа работат 8 постојани и 10 надворешни наставници, за во 1963 година на Академијата да предаваат 26 професори, 16 постојани и 10 надворешни. После една деценија (1969) бројот на постојани наставници пораснал на 21, а на надворешни наставници на 6. Во 1963 година на Педагошката академија, отсек за одделенска настава, се ангажирани 1 постојан и 3 надворешни наставници, во 1969 година бројот на постојани наставници се зголемил на 4, а на надворешни наставници се намалил на 1. (В. Недков и др., 1969, 11)

Паралелно со развојот на Педагошката академија во Штип и проширувањето на нејзините димензии, се врши и комплетирање на наставниот кадар. Во

почетокот бил недоволно броен за да ги задоволи потребите на Академијата, но подоцна истиот се комплетира. Така во учебната 1984/85 година наставата ја изведуваат 24 професори од кои доктори на науки 1 (еден), магистри 2 (два), двајца лаборанти, еден библиотекар, еден работник за студентски прашања, три административни работници и четворица помошен персонал. (Т. Донев, 1997, 345) Квантитативниот пораст на наставниот кадар тесно е поврзан со неговото понатамошно стручно усовршување. Наставниот кадар, на почетокот со звање предавач на виша школа, како резултат на перманентната работа и успешна дејност, прераснувал во повисоко звање, професор на виша школа. Квалитетниот растеж, всушност бил одраз на постигањата на Школата, на наставниците и на студентите во воспитно-образовниот процес, како и на индивидуалната и колективната активност во сродни организации и институции. (В. Недков, 1969, 11)[3] Во тој период евидентетна е и разновидната издавачка дејност на наставниците. Публикувани се 167 написи во повеќе стручни списанија и весници. За стремежот на наставниците постојано стручно да се усовршуваат, говорат и две академски звања, доктор на науки и магистер. Сè до основањето на Педагошкиот факултет, најголемиот број на наставници од Педагошката академија – отсек за одделенска настава се со соодветно високо образование и долгогодишно наставно искуство. Растот на институцијата за подготовка на идните учители, го следи и растот на кадарот на самата институција.[4]

Професијата учител како и подемот на учителската професија особено со растот и развојот на педагошката академија бележи зголемен интерес кај средношколската младина. Компаративната анализа на бројот на запишани студенти е потврда за атрактивноста на професијата. Така во учебната 1959/60 година на сите групи вкупно биле запишани 142 студенти, а во учебната 1968/69 година тој број расте и достигнува до вкупно 632 студенти (В. Недков, 1969 г, стр. 19). Во учебната 1985/86 година за упис на едно студентско место се пријавувале по 4 кандидати. (Т. Донев, 1997, 345) Во однос на селекцијата при упис, во првите години од постоењето на Педагошката академија, е дозволуван и прием на студенти повозрасни од 18 години, со соодветна работна пракса и искуство (секако, заради потребата од кадар), но со претходен испит за проверка на знаењата кои биле неопходни за редовно следење на наставата. Преку приемниот испит се вршело проверка за тоа колку пријавените кандидати владеат со основни знаења за успешно следење на наставата на Педагошката академија. „По кои

[3] *Повеќе за структурата на наставниот кадар на Вишата педагошка школа и Педагошката академија во В. Недков и др., (1969), Педагошка академија во Штип (1959-1969), Скопје: Универзитетска печатница.*

[4] *Повеќе за развојот на кадарот во С. Петровска, (2011). Некои карактеристики на развојот на образованието на наставници во Република Македонија (од учителска школа – Штип до Педагошки факултет – Штип), ВОСПИТАНИЕ, бр. 11 / 2010/2011.*

дисциплини ќе се врши проверувањето на претходните знаења, за секој конкретен случај одлучувала комисија составена од претседател и четири члена кои биле од редот на наставниците на Педагошката академија, а ги именувал Советот на академијата. Секретарот на академијата бил и секретар на комисијата.(„Службен весник на НРМ“ бр. 16/62) Педагошката академија овозможува и прием на лица без завршено средно образование, но со потребна наставна пракса и положен приемен испит. Приемниот испит се организирал и реализирал со високо ниво на сериозност. Така, во периодот од учебната 1960/61 до 1968/69 од пријавени 370 кандидати испитот го положиле само 55 кандидати или 14,8%. Во јубилејниот период (10 години) на Академијата дипломирале 751 студент. (В. Недков, 1969, 20) Кога станува збор за отсекот за одделенска настава, во учебната 1961/62 година во прва година се запишани 25 студенти, а во учебната 1985/86 година во прва година се запишани 87 редовни и 46 вонредни студенти. (Т. Донев, 1997, 343-344)



*Пред почетокот на учебната 1969/70 година*

Со Одлука на Републичката заедница за образование во Скопје, почнувајќи од 1982/83 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ чиј член била и Педагошката академија во Штип, било ограничено и вонредното студирање. (Т. Донев, 1997, 345)

Во склад со Законот за средно насочено образование, при Педагошката академија во Штип, почнувајќи од учебната 1984/85 година биле основани педагошки паралелки III-та и IV-та година насочено образование од просветната струка. Со завршување на четвртиот степен на образование, учениците се стекнуваат со звање соработник во воспитно-образовна работа. Но, овие ученици немале предност при упис на

Педагошката академија пред учениците од другите средни училишта, и покрај тоа што овде го завршиле своето образование. Средното образование од просветната струка го завршиле 140 ученици (Средното насочено образование е верифицирано од надлежните органи со бр. 09-141/1985 година. (Т. Донев, 1977, 346)



СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Главна книга број /19 год

СВИДЕТЕЛСТВО

за степен на стручна подготовка

роден-а на 19 год.

општина

СР, САП, држава

степен на стручна подготовка

струка.

*Свидетелство за завршен четврти степен на стручна подготовка соработник во воспитно-образовна работа од просветна струка*

Реформските зафати и рационализацијата во високото образование во осумдесеттите години се одразија и на дејноста на Педагошката академија, така што во 1984 година, таа добива нова физиономија - престануваат со работа одделните групи (македонски јазик и српско-хрватски јазик, историја и географија, математика и физика, хемија и биологија) (Т. Донев, 1977), а продолжуваат групата за одделенска настава и групата за предучилишно воспитување. Педагошката академија „Гоце Делчев“ Штип, како самостојна установа со општествено самоуправување во почетокот, својата дејност ја одвива според одредбите на Општиот закон за школство и Законот за формирање на Вишата педагошка школа во Скопје. Во почетокот при постоењето на Советот, биле нагласени правата на Наставничкиот совет како управа на Академијата. Управата со која претседава директорот на академијата, ја регулирала речиси целокупната работа на академијата. Управата ги избира наставниците при што правото на глас се условува со соодветното звање. Изборот го потврдува Советот за просвета и култура на НРМ. Директорот на школата го именува Извршниот совет на НРМ. Со растењето на колективот се создавале услови за формирање на посебен Совет, во кој две третини од членовите се дел од работната заедница, а бројот на студентите се зголемува на двајца. Овој Совет го донел и новиот Статут на Академијата. Наставничкиот совет ги задржал правата како стручен орган да се бави со стручните проблеми на наставата, како и правото да ги избира наставниците и директорот на Академијата од редот на професорите. Другите права што ги имала Управата преминале на Управниот одбор и Советот на Академијата. Еден од најголемите успеси на Советот на Академијата е изградбата и опремувањето на новата современа зграда за работа. При тоа се водело грижа не само за моменталните потреби на Академијата, туку и за потребите на еден педагошки центар за оспособување на постојниот наставен кадар во основните училишта (В.Недков, 1969, 38). Директорот на академијата во системот на самоуправувањето е извршен орган, кој ја претставува Академијата и ги спроведува решенијата на органите на самоуправувањето. Во склад со усвоените насоки раководи со Академијата. Правото за реизборност и избор на директор од редот на наставниците, овозможува во определен период да се избере најпогодна личност за извршување на оваа должност (В. Недков, 1969). Директори на академијата биле: Ванчо Дубровски, Иван Глигоров, Благоја Цветковски, Борислав Мицовски, Стојче Савев и Спаско Симоновски.

Наставата на академијата покрај теоретскиот дел, особено внимание и простор отстапува и на практичната работа на студентите. Практичното оспособување на студентите се реализира преку вежби кои се одржуваат на Академијата и други наставни и вонаставни форми на работа. За таа цел студентите хоспитираат во основното училиште „Ванчо Прке“ во Штип, со што соработката со училиштата опстојува. Во вежбалната студентите се

запознаваат со организацијата на наставата, нејзино практично изведување, планирање на материјалот и сл. Непосредното контактирање со менторите и соработката на стручен план со нив, ги поттикнува студентите кон самостојно и творечко приоѓање кон практичните наставни задачи. Овде имаат можност да се запознаат и со техничко-административната работа во училиштето. Студентите имале можност да присуствуваат на разни работни состаноци, наставнички совети, учителско-родителски средби. Составен дел на наставните програми е и едномесечната училишна практика, која се изведува секоја учебна година во летниот семестар. Во текот на студиите студентите задолжително изработувале семинарски работи.

Друга форма на стручно усовршување на студентите е теренската настава, која се изведува во училишта во близината на Штип, со цел студентите да се запознаат со разновидни услови на работа во град и село, со работа во комбинирани паралелки, со деца од различни средини, со различни предзнаења и сл. За студентите во текот на годината биле организирани педагошки денови, при што студентите во улога на наставници ја организираат и одржуваат наставата во основните училишта. (Т. Донев, 1997, 344)



*Практична настава во училница во училиштето*

Студентите на насоката биологија - хемија и математика-физика секоја година оделе во Океанографскиот институт во Сплит, каде се запознавале со флората и фауната на Приморјето. Таму слушале стручни предавања од професори на Институтот и изведувале вежби. Таквата

настава траела 10-15 дена, а се изведувала по одапред предвиден план и програма. Студентите од насоката математика/физика својата практична работа ја изведувале во Институтот за атомистика „Руѓер Бошковиќ“ во Винча. (Т. Недков, 1969, 28)



*Вежби по хемија во лабораторија*



*Микроскопирање на вежби по биологија*

Педагошката академија во Штип се вбројувала во ретко богатите Виши школи со збирки и кабинети. Таа располагала со ретко убав и среден хербариум, еден од најбогатите во СФРЈ. (Т. Донев, 1997) Голем дел од нагледните средства се изработувани и од самите студенти и наставници (хербариум, инсекратиум, препарати за животните и сл.). Функционалноста на збирките особено се зголемила со вселувањето во новата зграда. Таму секоја збирка е сместена во посебна просторија, нагледните средства во посебни витрини, а практичните вежби по сите предмети се изведувале во простории - вежбални наменети само за таа цел.



*Дел од збирката по физика*

# 3. ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ/ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ (1995-2011, 2011-2020)

## 3.1 Основање и развој



***Педагошки факултет „Гоце Делчев“ Штип***

Следејќи го текот на современите тенденции и промени во сферата на воспитанието и образованието, во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се остварува една од комплексните задачи за реализација на Концептот за едукација на воспитувачки кадри за предучилишни установи и наставнички кадри за основните училишта во Република Македонија. Во тој чекор прераснува осовременувањето на високообразовниот систем, со практична реализација на сознанијата содржани во посебен Елаборат за едукација на воспитувачи, наставници и одделенски наставници, од кој произлегуваат и решенијата за прераснување на двегодишните во четиригодишни студии за создавање на овој вид кадри, т.е. основањето на Педагошкиот факултет во Штип како еден од педагошките факултети во Република Македонија. Со Одлуката за основање на Педагошки факултет потврдена е долгорочната потреба од создавање високостручни воспитувачки и наставнички кадри и потребата од негување на научно-истражувачката работа во оваа област.

Врз основа на член 46 од Уставот на Република Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 52/91) член 222 од Законот за насоченото образование (Сл. весник на СРМ, бр. 16/85, 29/86, 7/88, 12/89, 18/89, 29/89, 29/90, 11/91 и 40/91), Одлуката за усвојување на Елаборатот за едукација на воспитувачи и одделенски наставници и согласноста на Министерството за образование и физичка култура бр.12-2247/2 од 19.06.1995 година, Универзитетската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, на 11-та седница одржана на 13.06.1995 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За основање на Педагошки факултет за едукација на воспитувачи и одделенски наставници во Штип на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје**

Член 1

Заради постоење на долгорочна потреба од создавање на високо - стручни воспитувачки и наставнички кадри утврдени во Елаборатот за едукација на воспитувачи и одделенски наставници, се основа Педагошки факултет во Штип на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (во понатамошен текст: Факултет)

Член 2

Факултетот подготвува стручњаци со висока и највисока стручна подготовка за воспитувачи и одделенски наставници.

Факултетот врши и научноистражувачка дејност.

Член 3

Факултетот ќе отпочне со работа од учебната 1995/1996 година

Подготовките за почеток со работа на Факултетот како самостојна високообразовна установа и изборот на наставници и соработници ги врши Матична комисија од седум члена, од кои најмалку 4 се со наставно-научни звања, формирана од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Матичната комисија престанува со работа откако ќе се изврши изборот на потребниот број кадар, предвиден во член 224 од Законот за насочено образование.

Член 4

Наставно-образовната и научноистражувачката работа на факултетот ќе се остварува со опрема и простор на Педагошката академија „Гоце Делчев“ од Штип.

*Одлука за основање на Педагошки факултет*

Имајќи ги во предвид реалните потреби како и тоа дека беа исполнети сите потребни услови (просторни, кадровски, општествени), со Одлука бр. 08-856 од 16.6.1995 година, Педагошката Академија „Гоце Делчев“ стана Педагошки факултет „Гоце Делчев“.

Наставните планови и програми започнаа да се ефектуираат од учебната 1995/96 година, задоволувајќи ги широките и разновидни образовни и културни процеси, третирајќи ги воспитанието, образованието, наставата и учењето како флексибилен и перманентен процес кој подлежи на иновација. Новиот модел на наставните планови на групата за предучилишно воспитание и на групата за одделенска настава содржи општообразовни, општостручни, стручни, тесностручни, изборни и факултативни предмети.

Матичната комисија на 28.12.1995 година, со одлука бр. 09-1696/2 ги усвои наставните програми на Педагошкиот факултет во Штип и Скопје. Беа

усвоени наставните програми по наставните предмети: Одбрана, Социологија на образованието, Основи на филозофијата, Логика, Странски јазици (англиски, германски, и руски), Математика, Македонски јазик со култура на изразувањето, Општа психологија, Педагошка психологија, Основи на физичко воспитување со методика, Хигиена.

Комисијата за верификација во состав: проф. д-р Јован Корубин, проф. д-р Цветко Смилевски и Марија Манцоска Камилова, во својот извештај за исполнетоста на условите за верификација на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев" во Штип, истакнува дека се исполнети сите услови за почеток со настава и работа на Факултетот.

Во остварувањето на дејноста на Факултетот се вклучени 14 наставници од постојната Педагошка академија, а се избрани и нови наставници – доктори на науки и соработници. Факултетот е отворен за вклучување на наставно-научни работници и од другите високообразовни установи, претежно од Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.

Наставници и соработници на Факултетот преземени од Педагошката академија се: Весна Георгиевска - *педагошка психологија;* Александар Димитров - *основи на музичко воспитување со методика;* Даница Дончовска - *методика на воспитно-образовната работа по ЗПО;* Стефан Крстев - *методика на воспитно-образовната работа по математика;* Тодор Максимов - *основи на ликовно воспитување со методика;* м-р Владимир Михајловски - *методика на воспитно-образовната работа по култура на говорот;* Виолета Николовска - *македонски јазик со култура на изразувањето;* Симеон Ренџов - *основи на физичко воспитување со методика;* Асен Радојков - *методика на наставата по математика;* Јован Ристов – *математика;* Стојче Савев – *општа педагогија*; Спаско Симоновски - *основи на техничка култура со методика;* м-р Кирил Цацков - *методика на воспитно-образовната работа по ЗПО.*

Од страна на Матичната комисија во наставнички и соработнички звања беа избрани: д-р Душко Цацков, редовен професор - *литература за деца;* д-р Блаже Китанов, вонреден професор - *методика на наставата по македонски јазик;* д-р Илија Димовски, вонреден професор – *хигиена;* д-р Верица Стаменкова – Трајкова, вонреден професор - *развојна психологија;* д-р Ѓорѓи Павловски, доцент - *методика на воспитно-образовната работа по ЗПО;* м-р Снежана Савин Кирова, предавач - *англиски јазик;* м-р Емилија Петрова Ѓорѓева, асистент - *општа педагогија;* м-р Снежана Мирасчиева, асистент – *дидактика;* м-р Снежана Ставрева Веселиновска, асистент – *хигиена;* м-р Зоранчо Алексов, асистент - *основи на информатика;* Татјана Атанасова Пачемска, помлад асистент – *математика;* Соња Петровска, помлад асистент - *училишна педагогија со педагошка практика*. Беа ангажирани наставници од други сродни факултети и институции и тоа: д-р

Виолета Панзова – *логика; д*-р Вера Георгиева - *основи на филозофијата;* м-р Атанас Аврамовски - *социологија на образованието; д*-р Благородна Камчева Лакинска - *дидактика; д*-р Марија Костова - *општа педагогија.* Со тоа беа исполнети сите законски услови за почеток со работа на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип. Во развојот и растот на Факултетот свој придонес дадоа и: проф. д-р Цане Мојаноски, проф. д-р Милица Шкариќ, проф. д-р Лидија Горачинова Илиева, проф. д-р Душан Тодоровски, проф. д-р Стојан Пржовски, проф. д-р Зоран Здравев, проф. д-р Ленче Милошева, проф. д-р Солза Шопова Грчева, проф. д-р Нада Јурукова, проф. д-р Борче Костов, проф. д-р Иван Трајков, м-р Ирена Кузмановска – асистент, м-р Милена Ѓокиќ - асистент, м-р Билјана Пешова - асистент.

За успешната работа на Факултетот, атрактивноста на студиите и привлечноста за студентите придонесуваа сите вработени: Виолета Шаклева - секретар на Факултетот, Македонка Коцева – сметководство, Емилија Николова – архива, Габриела Андова - технички секретар, Валентина Давчева, Милена Цацкова, Владимир Китанов - студенстки прашања, Марија Каранфиловска, Марија Едровска и Цветанка Димитриева – библиотека, Данче Велкова, Васка Сетинова, Љубица Зејнелова хигеничарки, Моне Здравев – хаус мајстор



*Прв академски час на Педагошки факултет „Гоце Делчев“ Штип*

Педагошки факултет „Гоце Делчев“ работи како самостоен правен субјект во рамките на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје до 2007 година.

Со основањето на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во март 2007 година, Педагошкиот факултет пристапува кон новоформираниот интегриран универзитет како еден од темелите (заедно со тогашниот Рударско-геолошки

факултет) на Универзитетот. Патронот на Педагошкиот факултет го презема новоформираниот Универзитет во кој како составна единица и продолжува со работа.

Педагошкиот факултет продолжи со работа, најпрво во постоечката зграда. Поради градежни работи една учебна година Факултетот наставата ја изведуваше во просториите на Кампус 4, за подоцна да се префрли во поранешната зграда на Работничкиот универзитет, во нови, реновирани простории, најсовремено опремени за потребите на студентите, наставничкиот и соработничкиот кадар.



*Дел од колективот пред здградата на Педагошкиот факултет*



*Новата зграда на Факултетот за образовни науки*

Во 2011 година, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 12 мај донесе статутарна одлука за изменување на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев", каде зборовите Педагошки факултет се заменуваат со зборовите Факултет за образовни науки. Оваа одлука беше одобрена од страна на Собранието на Република Македонија, по што Педагошкиот факултет на 30 декември 2011 година официјално го промени името Факултет за образовни науки.



Бр. 0701-533/3
12.05 2011

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Универзитетскиот сенат на педесет и првата седница одржана на 11 мај 2011 година донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Член 1

Во Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, бр. 0701-441/2 од 9 април 2009 година (Универзитетски гласник бр. 9/09), во член 114, став 1, точка 5, зборовите: „Педагошки факултет" се заменуваат со зборовите „Факултет за образовни науки".

Член 2

Во член 204, став 1, алинеја 3 се менува и гласи: „за развој, инвестиции и одржување".

Член 3

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски гласник" на Универзитетот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Собранието на Република Македонија.

Претседател на Универзитетски сенат

Ректор,

Проф. д-р Саша Митрев

Изработил:
Секретар на Универзитет,
Д-р Александар Илиевски

Одобрил:
Ген.секретар,
М-р Ристо Костуранов

*Одлука за промена на името на Факултетот*

## 3.2 Организациска поставеност

Започнувајќи ги студиите на новоформираниот Педагошки факултет во учебната 1995/96 година, 129 нови студенти, 112 редовни и 17 вонредни, први ја следат наставата според современ модел на четиригодишен наставен план, на отсекот за одделенска настава и отсекот за предучилишно воспитување.



*Настава во еден од амфитеатрите на Педагошкиот факултет*



*Предавална*

Во рамките на Факултетот продолжуваат да работат двата отсека, отсек за одделенска настава и отсек за предучилишно воспитување како четиригодишни студии.

Факултетот во организациска смисла ја следи развојната линија, се формираат катедри и институти. Денес, во состав на Факултетот за образовни науки дејствуваат: Катедра за Педагогија, Катедра за Дидактика и методика, Катедра за Општествени и хуманистички науки, Катедра за Историја и археологија како и двата института и тоа Институт за историја и археологија и Институт за применета философија и етика. Имено, Институтот за историја и археологија (ИНИСА) е формиран во 2008 година како самостојна единица на УГД. Од октомври 2013 година овој Институт административно преоѓа под Факултетот за образовни науки. Раководител на Институтот за историја и археологија во периодот од 2008 до 2013 година беше проф. д-р Кирил Цацков. Во 2013 година за Раководител на ИНИСА е избран проф. д-р Трајче Нацев и под негово раководство, Институтот ја продолжува својата успешна работа.

Со одлука на седницата на Наставно-научниот совет од 22 мај 2019 година, а на иницијатива на Катедрите: Педагогија и Општествени и хуманистички науки на Факултетот за образовни науки се формира Институтот за применета философија и етика. За раководител на институтот е избран проф. д-р Трајче Стојанов. Институтот за применета философија и етика во својата дејност се занимава со научно-истражувачка, образовна и апликативна дејност. Институтот потпиша меморандум за соработка со Центарот за интегративна биоетика при Факултетот за образовни и воспитни науки, Свеучилиште „Јосип Јуреј Штросмајер“ од Осијек, Р. Хрватска.


University "Goce Delcev" – Stip, Macedonia
Faculty of Educational Sciences
Institute for applied Philosophy and Ethics

Fakultet za odgojne i obrazovne znanosti

MEMORANDUM OF COOPERATION

No. 090519/01-1

May, 2019

*Меморандум за соработка*

### 3.3 Наставна дејност

Факултетот како виокообразовна институција чија основна дејност е наставно-научната работа ја следи во континуитет развојната димензија. Имено, во учебната 2004/2005 година во насока на следење на современите општествени случувања Педагошкиот факултет своите оддели за предучилишно воспитување и одделенска настава ги збогати со дополнителен модул за рано учење на англиски јазик, модул со кој студентите дополнително се стекнуваат со додаток на диплома со што се оспособуваат за настава по англиски јазик во градинките и почетните одделенија од основното училиште.




*Воведување на влашкиот јазик како изборен предмет*

Истата година, се воведува изборен предмет Влашки јазик што е потврда дека Педагошкиот факултет ги следи трендовите на сите образовни нивоа. Влашкиот јазик како изборен предмет беше воведен единствено на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип со цел да одговори на потребите на училиштата.[5]

[5] Во наставните програми за основно училиште е воведен изборен предмет Јазик и

Развојната димензија на педагошката практика и на наставничката професија се основа за поголема инвентивност и уверливост во работата што резултира со пријатна и креативна средина во која можат да се пронајдат идните педагози и специјалисти во една од богатите области кои ги нуди Факултетот.

Факултетот за образовни науки 2012 година ги акредитира и работи по следниве студиски програми: Одделенска настава; Предучилишно воспитување; Историја со археологија – наставна насока; Историја и археологија.

Факултетот за образовни науки денес има неколку студиски програми, а во согласност со потребите на пазарот на труд, покрај студиските програми за одделенска настава и предучилишно воспитување, се воведува и студиската програма Педагогија во траење од четири години.

Во периодот од 2007 до 2017 година, Факултетот имаше свои дисперзирани студии и во Струмица на одделите за одделенска настава и предучилишно воспитување.

Потребите на образовниот систем за педагошко-психолошка и методска подготовка на студенти од ненаставнички факултети се задоволени со реализација на посебна програма. Имено на Факултетот се реализира *Програмата за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка*, наменета за студентите кои завршиле дипломски студии (240 ЕКТС) на други (ненаставнички) факултети, а се вработиле како наставници или сакаат да се вработат како наставници во основните и средни училишта.

Од учебната 2009/2010 година на Факултетот за образовни науки почнува да се реализира наставата на втор циклус и специјалистички студии по методика на настава по религиско образование. Оваа студиска програма е концепирана во организациска и содржинска смисла со цел да одговори на потребите на основното училиште. Со завршување на акредитираната студиска програма по методика на наставата по религиско образование, се оспособуваа наставници – специјалисти за настава по религиско образование.[6]

Во 2009 година се акредитирани студиски програми за втор циклус академски магистерски студии (60 ЕКТС) како едногодишни студии по: Менаџмент во образование и образовна политика, Училишна педагогија, Предучилишна педагогија, Социјална педагогија, Дидактика, како и двегодишни студии (120 ЕКТС) по Средновековна историја - Византија и Балканот во средниот век, Античка археологија Средновековна археологија.

Истата година е акредитирана и студиската програма за стекнување на наставнички компетенции за предметните наставници (специјалистички

---

култура на Власите.

[6] Во наставните програми за основно училиште е воведен изборен предмет Етика во религиите.

едногодишни студии) како и специјалистички студии од областа на предучилишното воспитание и образование.

Во рамките на третиот циклус на студии, од академската 2014/2015 година се активирани студиските програми по Училишна педагогија и Воспитание и образование во ран детски развој, по добиена акредитација како и ментори – наставници за трет циклус на студии.

Студиските програми за прв, втор и трет циклус се достапни на http://fon.ugd.edu.mk/index.php/mk/studiski-programi.

Унапредувањето на наставата на Факултетот е една од основните цели која во континуитет се реализира низ бројни активности. Основата на интенционалната насоченост на Факултетот е всушност тесната поврзаност меѓу теоријата и практиката и размената на искуства на широки образовни простори.

Во таа смисла, во периодот од 16 до 18 јуни 2006 година, беше реализирана Програмата за еколошка едукација на студентите од двата отсека од Педагошки факултет „Гоце Делчев“, во Паничиште, Р. Бугарија.



*Еколошка едукација на вработените и студентите, Паничиште, 2006*



*Студенти на еколошка едукација, Паничиште, 2006*



*Еколошка едукација Паничиште 2006 година*

Веќе следната година, 2007 беше реализирана Програма за размена на студенти меѓу Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип и Педагошкиот факултет при ЈЗУ „Неофит Рилски“ во Благоевград (Р. Бугарија) и истовремено учествува во реализација на истата во периодот од 16.4. до 21.4.2007 година во Благоевград и во периодот од 23.4. до 28.4.2007 година во Штип. Програмата е всушност заеднички проект на авторите проф.

д-р Снежана Мирасчиева и проф. д-р Владо Петровски од Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип и проф. д-р Трајан Попкочев и проф. д-р Славеја Златева од Факултетот по педагогија од Благоевград. Оваа проектна активност се реализира во рамките на студиската програма по педагошки стаж на двата отсека и е своевиден предвесник и најава на денес европската програма Еразмус, за размена на студенти и наставници.



*Посета на музички детски центри Благоевград, 2007*



*Посета на основно училиште во Ќустендил, 2007*



*Студенти од Штип и Благоевград 2007 година*
*на локалитетот Баргала*

Поврзувањето на теорија и практиката е цел застапена во наставата по сите предмети Во таа смисла, во рамките на предметот Физичко и здравствено образование со методика и Физичко воспитание со методика, се реализираат бројни активности на отворено, во образовните установи и во просториите на факултетот како и спортските сали.





*Пешачење: Тура Водно, група предучилишно*
*воспитување и одделенска настава, 2018 и 2019 година*



*Дел од практичните вежби по предметот Моторички развој во рано детство*



*Изработки на студентите од групата одделенска настава на ФОН наменети за примена во рамките на наставата по ФЗО*



*Игри во училница како дел од содржините по ФЗО со методика 2*



*Примена на Brain Break активната пауза во рамките на теоретските предавања по предметот ФЗО со методика*

Факултетот за образовни науки во соработка со Ликовната академија, на локалитетот Баргала, реализираше Едукативна работилница, 2017 година.

Глобалната цел на оваа активност е иновирање на наставниот процес како и оспособувањето на студентите за интегрирање на знаењата од различни области и нивна практична примена. Во интегрираните наставни активности учествуваа седумдесет студенти.





*Активности на студентите на локалитетот Баргала, 2017*



*Студенти на археолошкиот локалитет Баргала, 2017 година*

Модернизацијата на наставниот процес е ориентација која ја промовира, следи и реализира наставниот кадар на Факултетот.

Паралелно со унапредувањето на наставата во организациска и содржинска смисла тече и континуираниот професионален развој на наставниците. Поголем дел од соработниците и наставниците реализирале настава и специјализирале на бројни универзитети ширум светот: Србија, Хрватска, Турција, Бугарија, Австрија, Италија, Шведска, Израел, Русија, САД, Полска, Чешка, Белгија.

Покрај тоа, во наставата на Факултетот повремено се вклучуваат наставници, специјалисти и експерти во својата област од факултетите од регионот, но и пошироко. Таквата интензивна соработка во рамките на наставата се продлабочува и проширува. Во тој контекст е и предлогот на Наставно-научниот совет на Факултетот за избор на проф. д-р Јосип Милат за почесен професор. Имено, на седницата на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип одржана на 29 јануари 2015 година на професор емеритус д-р Јосип Милат од Филозофскиот факултет, Универзитет во Сплит, Р. Хрватска му се доделува звањето почесен професор (professor honoris causa) на општествени науки со одлука бр. 201-165/16., донесена на 29.1.2015 година.

Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 29.1.2015, донесе одлука (бр. 0201-165/14) за доделување на звање професор емеритус на проф. д-р Кирил Цацков.

Во октомври, 2020 година проф. д-р Трајче Стојанов е избран за почесен професор на Московскиот социјално-педагошки институт, во Москва, Русија (Московский социально-педагогический институт (МСПИ).

Стручноста на наставниците од Факултетот е видлива низ бројните

активности што резултира со нивно ангажирање и надвор од институционалните рамки и граници. Во таа смисла, проф. д-р Никола Смилков, во 2019, 2020 година е ангажиран како визитинг професор на Факултетот по уметност при Универзитетот во Ниш, Р. Србија.

Како резултат на интензивната и континуирана работа на полето на професионалениот развој и усовршување, се и бројните награди и признанија кои не само што ја богатат личната и професионална биографија на наставникот, туку го промовираат и Факултетот.

Во таа смисла, за својата работа и ангажман, проф. д-р Никола Смилков е повеќекратно наградуван а од бројните награди ги издвојуваме: Прва награда за спомен обележје на „Бранителите на Македонија 2001” во Штип (2003), награда за скулптура „Димо Тодоровски” од ДЛУМ, во 2008, а во 2016 година награда за вајарство (Мал формат) од ДЛУМ.

За својата работа и ангажман, во 2013 година, проф. д-р Кирил Барбареев е добитник на наградата Медал за значаен придонес во ширењето на европските вредности. Овој медал го доделува Сенатот на Асоцијацијата на ректори од педагошките универзитети од Европа. Наградата се доделува за исклучителен придонес остварен преку академските и лични достигнувања во областа на педагогијата, филозофијата, историјата, културата, уметноста, како и економската, правната и социополитичката сфера.

Во 2019 година проф. д-р Кирил Барбареев е добитник на признанието насловено како амбасадор на Асоцијација на најдобри наставници на просторите на поранешна Југославија за 2019 година.

Признание доби и проф. д-р Трајче Стојанов за допринос во образованието и науката за 2020 година. Признанието 8 Ноември го доделува Собранието на Општина Штип.




*Проф. д-р Билјана Митева Попеска - добитник на награда за најдобра постер презентација на BRICESS 2018 во Сао Паоло, Бразил*

Флексибилноста и инвентивноста како и адаптибилноста е една од основните особености на сите вработени на Факултетот. Во услови на пандемија, 2020 година Факултетот за образовни науки, неуморно ги следи општествените случувања, и е во тек со сите активности и настани и покрај отежнатите услови за работа. Факултетот за образовни науки од почетокот на пандемијата со Ковид-19 многу бргу се преориентира на онлајн учење и ги ангажира сите капацитети за тоа да се реализира.

Наставата и испитите се организираат и реализираат на платформата за електронско учење Microsoft Teams. Компанијата Мајкрософт на својата официјална веб-страница го издвои Универзитетот „Гоце Делчев“ како успешен пример за премин од физичко во учење на далечина во 2020 година. (https://aka.ms/UGD_EN). Сите активности на Факултетот продолжија да се реализираат прилагодувајќи се на моменталната ситуација. Одбраните на дипломските работи исто така се реализираа онлајн




*Онлајн одбрана на дипломска работа по предметот Историја 2020*




*Онлајн одбрана на дипломска работа по предметот Физичко воспитание и образование со методика, 2020 година*

### 3.4 Соработка и отвореност на факултетот

Од своето основање (1995), Педагошкиот факултет има потпишано повеќе договори за соработка, како со високообразовни институции во Македонија, така и во странство.



*Склучување договор за соработка со Факултетот по педагогија при ЈЗУ „Неофит Рилски“ Благоевград 2001*




*Договори за соработка со другите сродни и блиски факултети во странство*

Во учебната 2002/2003 се потпишани договори за соработка меѓу Педагошки факултет Штип, Педагошки факултет при Тракиски универзитет Стара Загора, Бугарија и Педагошки факултет, Тракиски универзитет, Едрене

- Турција и се формира Балкански сојуз на педагошки факултети.

Еден од првите договори за соработка кои ги има склучено Педагошкиот факултет е договорот од 21.6.2001 година со Факултетот по педагогија при ЈЗУ „Неофит Рилски” Благоевград, Република Бугарија. Потоа следуваат договорите со: Учителски факултет на Универзитетот во Белград, (9.11.2001), Факултетот по педагогија при Универзитет „Св. Климент Охридски” Софија (22.4.2002), Педагошки факултет при Универзитетот „Пајсиј Хилендарски” Пловдив (12.4.2003), Учителската академија од Загреб (17.5.2003), Педагошкиот факултет при Тракиски универзитет во Стара Загора, (1.3.2004), Педагошки факултет во Сомбор (5.4.2006), Педагошки факултет во Бијелина, Универзитет во Источно Сараево,(25.4.2007).



*Обновување на договорот за соработка со Факултетот по Педагогија при Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски“ – Софија, Бугарија, декември, 2019 година*

Во рамките на долгогодишната соработка на Факултетот за образовни науки од Штип со Факултетот за педагогија при Универзитетот „Неофит Рилски“ во Благоевград, Р. Бугарија и Филозофскиот факултет при Универзитетот во Сплит, Р. Хрватска се одржа работна средба за конкретни активности и облици на соработка.



*Работна средба со колегите од Универзитетот во Сплит, Хрватска и Благоевград, Бугарија 2019*

Во 2019 година, на Факултетот за образовни науки се одржа вториот студентски патувачки семинар Студентска мобилност - можности и предизвици". Овој патувачки семинар е дел од проектот на катедрата „Социјална работа" за стимулирање на меѓународна мобилност на студенти и докторанти од насоката „Социјални дејности" при Универзитетот во Шумен од Република Бугарија. Професорите и студентите на трет циклус при Универзитетот во Шумен на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" разменија идеи и искуства за понатамошни активности.

Што се однесува до соработката во национални рамки, Педагошкиот факултет остварува тесна соработка со сите педагошки факултети во Македонија, работејќи на редизајнирање на наставните планови како и унапредување на наставната практика. Соработката има широки димензии и ги вклучува и облиците на заеднички активности во рамките на повеќе проекти како и обуки на наставниот и соработнички кадар.

Од друга страна, отвореноста на Факултетот за соработка има широки димензии, и се однесува на сите воспитно-образовни установи на локално, регионално и национално ниво (детски градинки и училишта), институции од културата и други установи од општествен карактер како и со општинските

структури.

Отвореноста на Факултетот за соработка е широка и ги опфаќа и НВО, домашни и странски организации кои работат на различни прашања од областа на образованието.

Во тој контекст, ќе наведеме некои од нив во кои наставниците и соработниците биле активно вклучени и како обучувачи и како учесници.

Во перидот 2005-2008 година во организација на УСАИД, а со поддршка на Министерството за образование и наука, наставниците и соработниците од Факултетот, заедно со останатите педагошки факултети посетуваа обука под наслов „Креативна настава и учење“, („Creative teaching/learning”).

Во 2010 година е реализиран проектот „Зајакнување на капацитетите на идните наставници за работа во мултиетничка училница “ во соработка со канцеларијата на ОБСЕ во Скопје.



*Учесници во проектот „Зајакнување на капацитетите на идните наставници за работа во мултиетничка училница“*

Наставници од Факултетот зедоа учество и во бројни обуки.

Така периодот 2010-2013 година тече проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, во организација на ЗЕКК ОХО, со поддршка на Министерството за образоавние и наука на РМ и Швајцарска агенција за поддршка и развој (наставници од Факултетот се реализатори на обуки за претставници од педагошко-психолошката служба во градинките, основните и средните училишта).

Во периодот 2011-2013 година следеа обука Инклузивно образование, во организација на Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје во соработка со EENET.

Во 2013 година „Сите сме еднакви“ (образовен проект за промоција на меѓуетничка и меѓукултурна интеракција и социјална врска меѓу учениците (6-11) од основните училишта, во организација на ЗЕКК ОХО, со поддршка на

Министерството за образование и наука на РМ и Амбасадата на Велика Британија во РМ, Скопје.

Во учебната 2012/2013 година, согласно со одлуката на Бирото за развој на образованието на Република Македонија, се реализира обука за професионално усовршување на воспитно-образовниот и раководниот кадар во средните училишта на тема „Современи методи во наставата, активно вклучување на учениците и поттикнување на нивната креативност“ во која активно учествуваа повеќе наставници од Факултетот.

Соработката на Факултетот се интензивира и со реномирани издавачки куќи. Факултетот и издавачката куќа Просветно дело од Скопје, на 26 и 27 април 2018 година организираа еднодневна обука на тема „Дидактичко-методските аспекти и литературно-уметничките специфики на списанието за најмали „Росица“ и прирачната литература за предучилишната програма, одобрени за употреба од МТСП при реализација на Програмата за рано учење и развој“ наменета за директори, стручни работници и стручни соработници, воспитувачи и негователи во предучилишните установи и центри за ран детски развој. Во тимот на обучувачи се и неколку професори од Факултетот. Обуката ја поминаа околу 700 предучилишни работници.



ПОКАНА

Почитувани,
Универзитетот „Гоце Делчев“
- Факултетот за образовни науки во Штип
и издавачката куќа „Просветно дело“
Ве поканува на еднодневна обука на тема:

**Дидактичко-методските аспекти
и литературно-уметничките специфики
на списанието за најмали „Росица“
и прирачната литература за предучилишната програма,
одобрени за употреба од МТСП
при реализација на Програмата за рано учење и развој**

Обуката ќе се одржи на **26** и **27 април** во салата
на Мултимедијалниот центар, Економски факултет,
Универзитет „Гоце Делчев“во Штип,
**со почеток во 11 часот**

(слушателите имаат можност да одберат еден од посочените термини)

Обуката ќе се реализира во соработка со Катедрата за педагогија
при Филозофскиот факултет на УКИМ, Скопје
и Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, при УКИМ, Скопје

**Предавачи:**
**проф. д-р Лена Дамовска, проф. д-р Кирил Барбареев,
проф. д-р Флорина Шеху, проф. д-р Снежана Мирасчиева,
проф. д-р Снежана Јованова Митковска,
проф. д-р Маја Рауник Кирков**

Обуката е наменета за: директорите, стручните работници
и стручните соработници, воспитувачите и негувателите
во предучилишните установи и центри за ран детски развој.

Вашето присуство потврдете го на следнава е-пошта:
**jovica.detskaradost@yahoo.com**
и кај одговорниот дистрибутер за вашата градинка заради издавање сертификати и
планирање репрезентативни материјали.
Лице за контакт: Јовица Јовевски, тел. 075 355 295

росица 2018

*Покана за обука во Мултимедијалниот центар на Економски факултет во Штип, април 2018 година*

Во соработка со ИК „Просветно дело“, а во рамки на манифестацијата „Средби под јаворите“ во чест на Видое Подгорец, во НУЦК „Анотон Панов“ Струмица, на 16-ти ноември 2018 година беше организирано советување на тема „Употребната вредност на литературата за деца во списанијата: Росица, Другарче, Развигор и Наш свет во воспитно-образовниот процес“, наменето за директори и воспитно-образовен кадар во предучилишните установи.




*Покана за советување во Струмица,*
*ноември 2018 година*





Наставниот кадар континуирано е вклучен во дел од проектите кои ги реализира Бирото за развој на образование (БРО).

Бројни предавања организира и Институтот за историја и археологија (ИНИСА). Во 2014 год. предавање на тема „Современ музејски менаџмент – јапонски искуства“ одржа проф. д-р Катсуми Тамура, извршен директор на Универзитетот за напредни студии во Токио, Јапонија. Проф. д-р Тамура престојуваше во Штип, а предавањето се одржа на Факултетот за образовни науки, за студентите од студиската програма Археологија и историја како и за вработените во Музеј – Штип како придружна членка на Универзитетот.





*Записи од предавањето на проф. д-р Катсуми Тамура*

Истата година предавање имаше и проф. Драго Обрадовиќ, археолог од Хрватска на тема „Сензационални откритија кои го возбудија светот“ Кумран-тајните на древните свитоци.

Во соработка со проф. д-р Наде Проева од Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје, ИНИСА во 2014 година го организира предавањето на академик проф. д-р Рајко Братож од Филозофскиот факултет во Љубљана, Словенија, на тема *„Инцидентот во Емона и првиот судир меѓу Константин и Лициниј“*.

Две години последователно (2015 и 2016) се реализирани предавања во рамките на проектот „Воведување на содржини за програма за животни вештини и училиште по мерка на детето и усогласување на наставните програми со концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование“ за реализација на семинари по *Математика* на тема *Педагошки приоди при воведување на поими од Број, Алгебра, Геометрија и Веројатност* за наставниците од IV и V одделение во Штип. Предавањата беа реазлизирани во соработка со советниците од БРО во просториите на

Факултетот за образовни науки, а како предавачи-професори беа вклучени: проф. д-р Снежана Јованова Митковска, проф. д-р Тања Пачемска и проф. д-р Деспина Сивевска.



*Записи од обуката со наставниците*

2017 година, проф. д-р Јурка Лепичник-Водопивец од Педагошкиот факултет на Приморскиот универзитет во Копер, Република Словенија одржа предавање на тема *Современите тенденции во 21. век и импликациите врз активностите во детските градинки и наставата во училиштата.*



*Интервју со проф. д-р Јурка Лепичник-Водопивец, 2017, Штип*

Институтот за филозофија и етика организираше серија јавни предавања на познати професори од Хрватска: проф. д-р Ивица Келам, Универзитет „Јосип Јурej Штросмајер“, Факултет за воспитни и образовни науки, Осиек, Република Хрватска, во 2018 година и проф. д-р Бруно Чурко од Универзитетот во Сплит, Република Хрватска, 2019 година.




Покана за предавање, 2018 година




Покана за предавање, 2019 година




*проф. д-р Ивица Келам на предавање во просториите на Факултетот, 2018 година*







*Записи од предавањето на проф. д-р Бруно Чурко, 2019 година во просториите на Факултетот*

На Факултетот за образовни науки се одржа предавање на тема „Улогата на наставникот во креирање на активни и здрави училишта“ од еминентниот професор Марк Клос од Универзитетот во Лиеж – Белгија. Професорот од Белгија зборуваше за улогата на училиштето како место кое е едно од најважните за развивање на физичката активност.



*Предавање на проф. Марк Клос од Катедрата за методика на физичко образование при универзитетот во Лиеж – Белгија, април, 2018 година*

Доцент д-р Вања Петрова од Педагошкиот факултет при Тракиски универзитет - Стара Загора, Бугарија одржа предавање на Факултетот за образовни науки под наслов: „Интерактивните методи при запознавање со природната и со општествената средина“



Соработката и отвореноста на Факултетот е една од стратегиите на работа која се негува континуирано. Во тој контекст е и соработката со Собранието на РМ, кога во месец април 2019 година беше остварена посета од страна на студентите и професорите од Факултетот за образовни науки.



*Сала за работа на Собраниски комисии во Собранието на Р. Македонија*



*Собрание на Р. Македонија, Скопје, 2019*

Студентите од ФОН, во месец јуни 2020 година присуствуваа на онлајн семинар организиран од Парламентарниот институт на тема: „Парламентот како основна институција на парламентарното право“. На семинарот беа опфатени темите: историјата на парламентаризмот, организацијата и надлежностите на Собранието, правната положба и улогата на пратениците, донесувањето на законите. Студентите имаа можност преку визуелен приказ да ги разгледаат просториите во кои се одвива работата на пратениците! Интерактивниот пристап им овозможи на студентите да ги искажат своите знаења и размислувања за работата и улогата на Собранието.




*Онлајн семинар, јуни 2020*

### 3.5 Научно-истражувачка работа

Соработката на Факултетот и отвореноста кон промени и размена на искуства доведе кон бројни учества на конференции, симпозиуми, научни и стручни собири од национален и меѓународен карактер. Покрај учеството на наставниот кадар со активна партиципација, во архивата на факултетот ќе останат и записите за учество во организациската и научна ангажираност на наставниот кадар на собирите. Тоа е еден од патиштата на научен подем и развој на Факултетот, но и промоција на неговата работа.

Во 2003 година формиран е Балкански сојуз на педагошки факултети, помеѓу Педагошки факултет / Тракиски универзитет – Стара Загора - Република Бугарија и Педагошки факултет / Тракиски универзитет - Едрене – Турција. Истата година се одржува првиот интернационален Балкански научен конгрес.

Во 2004 на Балканскиот сојуз на педагошки факултети се придружи и Педагошкиот факултет – Штип. Истата година е одржан вториот интернационален Балкански конгрес на кој учествуваат и професори од Педагошкиот факултет.





*Меѓународна конференција во Едрене 2004*



*Меѓународна конференција во Едрене 2004*

Следната година, 2005, во периодот од 22 до 24 септември, Факултетот го организираше Третиот балкански научен конгрес „Интеркултуралноста во образовниот процес“, во организација на тогаш Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ и Балканскиот сојуз на педагошки факултети. Во рамките на соработката Педагошки факултет Штип беше домаќин и организатор на третиот конгрес. (The third international balkan scientific congress Interculturality in educational process, 22-24 September,2005

Stip, Macedonia). На овој собир беа изнесени бројни теориско-емпириски искуства и сознанија и истите се поместени во зборник на трудови..




*Зборник на трудови од конференцијата*

Од 2013 година Факултетот за образовни науки традиционално на 5. Октомври го одбележува денот на учителот со организирање на Научно-стручна трибина. На оваа трибина се изнесуваат научните погледи и стручни размислувања за наставникот низ временската димензија. Од оваа трибина, која во континуитет се организираше пет години, произлегоа колекции на трудови содржани во зборници кои го третираат проблемот на наставникот и истите претставуваат водич во развојот и унапредувањето на професијата наставник, а со тоа и на наставната практика.





*Научно-стручна трибина*

Впрочем проф. д-р Снежана Мирасчиева од Факултетот за образовни науки, организира научно-стручна расправа, во организација со Комисијата за образование при Советот на Општина Штип и Одделението за јавни служби на Општина Штип. Од одржаната расправа објавен е зборник на трудови „Образованието и воспитанието – од традиција до современост“.

Следната 2014 година оваа научно-стручна расправа прерасна во научна конференција организирана во соработка со Факултетот за образовни науки и Општина Штип. Конференцијата во континуитет се организираше следните четири години, а од истите произлегуваа плодни научни и стручни трудови, кои се објавуваа во зборник на трудови.



*Објавени зборници на трудови*

Институтот за историја и археологија во 2014 година организира трибина „Македонија во средниот век“ каде со свои излагања имаа: проф. д-р Митко Б. Панов, доц. д-р Трајче Нацев, доц. д-р Звонимир Николовски, како и студенти од Институтот за историја и археологија на УГД.




Во периодот 2014-2018 година, Институтот за историја и археологија организираше циклус на трибини за студентите на тема „*Идентитетот низ вековите*“.

На првата трибина *Идентитетот во антиката* свое излагање имаше проф. д-р Наде Проева. Потоа следуваше трибината *Идентитетот во средниот век* каде излагаа доц. д-р Стојко Стојков и д-р Дарко Стојанов од Институтот за национална историја во Скопје.



*Трибина „Идентитетот во средниот век“.*

На трибината „*Немуслиманите во Османлиската Империја и идентитетот“* предавање одржа проф. д-р Драѓи Ѓоргиев. Последната трибина од циклусот „*Идентитетот во доцната Османлиска империја и Македонското револуционерно движење*“, ја одбележаа со свои излагања проф. д-р Ванчо Ѓоргиев од Институтот по историја при Филозофскиот факултет во Скопје и д-р Страшко Стојановски од Правниот факултет во Штип.

Факултетот за образовни науки ја организираше трибината на тема „Предизвици и перспективи на Македонија од Букурешкиот договор до денес“ каде излагаа проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Верица Јосимовска и проф. д-р Оливер Цацков, а свое обраќање имаше и режисерот на филмот „Последниот Македонец – патот до истребување“, Илија Пиперковски. Воедно, филмот се прикажуваше во Мултимедијалниот центар на Универзитет „Гоце Делчев“.



*Трибина „Предизвици и перспективи на Македонија од Букурешкиот договор до денес“, Т. Чепреганов, В. Јосимовска, О. Цацков и Илија Пиперковски*

Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Р. Македонија по повод дваесет години високо образование на наставници и воспитувачи од 24 до 25 септември, 2015 год. организира Меѓународна научна конференција на тема Образованието во 21-от век - состојби и перспективи, на која учество зедоа поголем број научни работници, како од земјата, така и од странство.





*Отворање на конференција 2015*



*Студентите дел од конференцијата 2015*





*Меѓународна конференција во организација на ФОН, 2015 година*



*Учесници на сесијата за уметност и физичко образование во рамките на Меѓународната конференција на ФОН, 2015 година*

Факултетот научно-истражувачката дејност ја збогатува и со други активности со цел поблиска соработка меѓу образовните институции на сите нивоа. Во тој контекст, од 2016 година Факултетот за образовни науки започна со организирање настан „Учителите го менуваат светот“. Со овој настан, Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип започна една традиција, со цел да се популаризира учителската професија и да се слушнат различни искуства и размислувања. Инспиративни говори за учителската професија беа искажани од страна на актуелни учители, но и од студенти кои избрале да се образуваат за оваа професија. Од свој аспект, од своите искуства и сеќавања за своите учители, но и од видувањата како ја гледаат учителската професија во иднина, студентите на образовните факултети при универзитетите во Штип, Битола и Тетово како и средношколците од Штип и Струмица ги инспирираа и своите учители, но и колегите студенти.





*Учителите го менуваат светот 2016*




*Учителите го менуваат светот, 2016*



*Учителите го менуваат светот, 2018*

Како резултат на континуираното одржување на Научно-стручните трибини по повод 5. Октомври – Денот на учителот и Научната конференција по повод 24 Мај – Денот на Словенските просветители во 2018 година се фузираа во Меѓународна научна конференција на тема „Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи“, која се одржи на 11 и 12 мај 2018 година во Штип. Оваа шеста по ред Меѓународна конференција се организира во соработка со Факултетот по педагогија при ЈЗУ Неофит Рилски, Благоевград – Р. Бугарија и со Педагошкиот факултет при Приморски универзитет, Копер – Р. Словенија. Настанот е продолжение на заложбите за развој на научната мисла во полето на образованието како едно од најважните вложувања што општеството може да ги направи и своевидна инвестиција во иднината на секој народ и иднината на човештвото, воопшто.



*Отворање на конференцијата, 2018*



*Отворање на конференцијата, 2018*



*Учесници во сесијата за физичко образование во рамките на Меѓународната научна конференција организирана од ФОН, 2018 година*

Следната 2019 година оваа конференција се одржа во Благоевград Бугарија на Факултетот по педагогија при ЈЗУ Неофит Рилски.

Факултетот за образовни науки учествуваше во одбележувањето на 70 години учителско образование во Штип. Професорите од Факултетот за образовни науки ја збогатија свеченоста со свои анализи, за тоа во која насока треба да се движи учителското образование и кои се предизвиците со кои се соочуваат. Тие истакнаа дека традицијата за наставници во Штип се следи и унапредува.



*Учество на конференцијата 70 години учителско образование во Штип*



У

*Учество на конференција во Будимпешта, декември 2018 година*



*Конференција на Универзитетот во Русе,*
*октомври 2018 година*

Професори од Факултетот активно учествуваа на конференции надвор од државата.

Во 2020 Факултетот работи во време на пандемија.

Во ниту еден момент не се почувствува застој во активностите на факултетот, кој активно продолжи со реализација на конференции, предавање, испити, состаноци, одбрани на дипломски работи, педагошкиот стаж, посета на институции и во услови на пандемија.



*Дел од активностите при подготовка на Монографијата во услови на пандемија, август 2020*

Нашиот Факултет од Виша педагошка школа, Педагошка академија, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, а сега Факултет за образовни науки слави 25 години од неговото постоење. Затоа 2020 година има големо значење, по тој повод Факултетот организира онлајн научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема: Образованието денес/Предизвиците пред современата педагошка наука.




*Покана за конференција*

Интензивниот подем на Факултетот е димензиониран и од истражувачки аспект во контекст на бројните проектни активности од домашен и меѓународен карактер**.** Овде ќе издвоиме само некои од широката лепеза на проектни и научно-истражувачки активности.

Во периодот 2000-2002 година беше реализиран научно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, на тема: *Моралното загадување или редефинирање на вредносната матрица на младите во Република Македонија.*

Во текот на 2000 година, соработката со другите наставнички факултети се реализира и со партенрство во ТЕМПУС Проект „Партнерство за демократија – граѓанско образование“.на Педагошкиот факултет, при Универзитетот „Климент Охридски“ во Битола. (Partnership in Curriculum Development for Teacher Training in Democracy)

Во 2006 година, Факултетот го доби проектот ТЕМПУС проектот под наслов „Интегрирање на ИКТ низ курикулумот за обука на наставници“ (*Integrating E-learning across Teachers Curriculum*, Joint Europian Project CD JP -40020-2005 TEMPUS Joint European Project. Faculty of education, Stip & Universities of Holland, Belgium and UK). Проектот траеше до 2009 година.

Од 2008 до 2010 година, наставници од Факултетот беа вклучени во проектот „Local employment, education and training initiatives” – Joint Days of Lifelong Learning” (Neighborhood Programme Bulgaria–Republic of Macedonia), Ministry of Regional Development and Public Works, Bulgaria & Europen Agency for Reconstructiuon, Skopje, Macedonia.



Во 2011 година беше реализиран проектот *Толеранција, дијалог, соработка* со цел активно вклучување на студентите во проектните активности *за* промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници.

- (2011) - *Bridging Universities And Businesses For Enhancing Employability Skills For Students Conference on Employability Skills and Challenges of the Labor Market.*
- (2011) - *Building Capacity for Structural Reform in Higher Education of Western Balkan Countries*;.
- (2012) - *Во светот на детето.*
- 2012 – 2019 година - бројни национални проекти за археолошки ископувања, конзерваторско-реставраторски работи на градби и превентивна заштита на објекти на бројни локалитети на различни локации.
- (2013) – Проект за меѓуетничка интеграција во образованието, во организација на МЦГО со поддршка на УСАИД.
- (2013) - *„Рака за рака: Малите Бугарчиња и Македончиња“ IPA CROSS-Border Programme CCI Number 2007CB16IPO007 Project: RD-02-29-162/23.07.2012 Ref.: 2007CB16IPO007-2011-2-104.*
- (2014) - *Мапирање на културното наследство во општина Карбинци Република Македонија и општина Струмјани Република Бугарија.*
- (2014) - *Учење преку правење - работилници. Проект: „Оживување на културното наследство во прекуграничниот регион меѓу Бугарија и Македонија".*
- (2014) - *Оживување на културното наследство во прекуграничниот регион на Општина Штип Р. Македонија и Општина Благоевград Р. Бугарија.*
- (2014) - година на Факултетот е во тек проектот *Универзитетски курикулум за интеркултурна работа со млади со поддршка на НВО Лоја од Тетово* во кој активна партиципација имаат наставници и студенти.
- (2015) - *Туторска поддршка на ученици Роми кои учат во основно образование во Р.Македонија”.*

- (2015) - *Multiethnic concept in education.*
- (2015) - *„Заедници за учење“ Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ - Македонија.*
- (2016) - *HOPSports On Line Streaming (OLS) Brain Breaks (BB) Research Project.*
- (2017) - *Te(a)chIn Sport, Erasmus+ project, Co-funded by the Erasmus+ program of the European Union.* [Project].
- 2017-2019 година, проект *Македонскиот национален идентитет во британската и американската дипломатска и обавештајна кореспонденција 1919-1945.*
- 2017 - 2019 година, проект „TOI TOI TOI“.
- 2015-2019 година, проект *Професионалниот развој на наставниците во Република Македонија - состојби и перспективи.*
- 2018-2019, проект *Унапредување на социјалната кохезија во Р. Македонија (*во кој активна партиципација имаа наставници и студенти).



*Еразмус* TOI TOI TOI

Промоцијата на Факултетот во поширокото опкружување, но и соработката со другите факултети е поткрепена со бројните изложби на проф. д-р Никола Смилков, самостојни и групни, дома и во странство од кои издвојуваме неколку: 2008 - 107 македонски уметници во Париз/ Париз,

Франција, 2009 - Интернационална изложба на ДЛУМ во Дворецот на културата, Софија, Бугарија, 2010 – Србија и Малниц, Австрија, 2011 - European Indentities Explored digital exhibition featuring art from across Europe, Europe House, London и Europe festival in Florence, Palazzo Giovane, Србија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и во земјата, во периодот 2013-2020 година.



*Изложба на Учителски факултет Врање 2013 - по повод 20 години од постоење на Факултетот*



*Анталија, Турција*

### 3.6 Библиотечна и издавачка дејност

Библиотеката на Факултетот е една од најбогатите факултетски библиотеки. Во континуитет е процесот на снабдување и оплеменување со нови актуелни изданија. Секако не е за занемарување и богатењето на библиотеката со изданија и на професорскиот кадар.



*Книжниот фонд во библиотеката на Педагошкиот факултет*

Од 2007 година библиотеката на тогашниот Педагошки факултет се интегрира во Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“. Универзитетската библиотека располага со богат фонд и истиот постојано се зголемува. Денес библиотеката на Факултетот за образовни науки располага со околу 18000 библиотечни единици.

За потребите на студентите со потребните изданија и услугите во библиотеката се грижат Мима Костова и Маријана Димитрова.



*Во библиотеката на Факултетот*

Факултетот располага и со голем број електорнски библиотечни единици. Имено, студентите на Факултетот за образовни науки имаат пристап до електронската библиотека на Универзитетот. Електронската библиотека е електронски сервис кој е основан 2012 година. На дигиталните полици во е-библиотеката можат да се најдат голем број електронски изданија на стручна литература на нашите професори.

Студентите бесплатно доаѓаат до извори на знаења и преку понудени линкови од други е-библиотеки, бесплатни е-книги, УГД изданија и сл. Електронските изданија се достапни на веб-страната на електронската универзитетска библиотека, http://e-lib.ugd.edu.mk.

Факултетот за образовни науки располага и со бројни печатени изданија на книги, скрипти и практикуми, наменети за потребите на студентите. Од самиот почеток со работа, Факултетот огромно внимание посветува на обезбедувањето на ресурси во наставата како учебници, научни книги и публикации, преводи, скрипти и практикуми, прирачници, списанија.

Научно-стручните и прегледни публикации исто така се достапни во електронска форма на Е-репозиториум (Академски репозиториум каде и се прикачени) и можат да се консултираат и користат. Досега на Факултетот за образовни науки се објавени околу 2000 трудови.




Издавачката дејност на Факултетот е уште еден чекор по патот на богатење на библиотечниот фонд, но и создавање услови за учење како и „отворена врата“ на Факултетот до степен на препознатливост во заедницата

на високошколски установи за образование на наставници.

Од далечната 2001 година, во знак на 40 годишниот јубилеј од формирањето на Педагошката академија, Факултетот почнува да го публикува научното списание за теорија и практика *Воспитание*, како и *Годишниот зборник*. Горди сме на досегашните изданија на списанието и Годишниот зборник издадени до сега, во кои со свои трудови се појавија наставници, теоретичари и истражувачи не само од Македонија, туку и од Европа и светот.

*Првиот број*
*на списанието*




*Тековниот број*
*На електронското списание*









*Годишниот зборник*





Институтот за Историја и археологија од основањето во 2010 година започна да издава и свое гласило „Годишен зборник“. Во 2016 година гласилото прерасна во меѓународно списание со назив **Review of the Institute of History and Archaeology (RIHA).** Списанието е со меѓународен уредувачки одбор и објавува рецензирани трудови. Излегува еднаш годишно.







Од 21.1.2001 година започнува издавањето и на првиот студентски весник „Сесија“, во соработка со Сојузот на студенти на тогашниот Педагошки факултет „Гоце Делчев“ од Штип.



*Промоција на првиот број на*
*студентскиот весник „Сесија“, 2001 година*

Овде особено треба да се истакне богатата активност од аспект на промоција на изданијата. Ќе спомнеме неколку.

Во 2013 година беше промовирана книгата Антиката во Брегалничкиот басен од проф. д-р Трајче Нацев. Промотори на книгата беа проф. д-р Драги Митревски и проф. д-р Митко Панов.

Така, на 12 декември 2014 година во свечената сала на Факултетот за образовни науки се промовираше книгата „Табу, време на страв и страдање, прогонувањето на Македонците во Бугарија во време на комунизмот (1944 - 1989)“ од проф. д-р Стојко Стојков. Промотори на книгата беа академик Иван Катарџиев и академик Ѓорѓи Попатанасов.




*Промоција, Свечена сала, 2014*

Во рамките на прославата на патрониот празник на Универзитетот, 26. 3.2015 година беа промовирани преведените учебници на професор емеритус д-р Јосип Милат: Педагогија - Теорија на оспособување во превод на проф. д-р. Емилија Петрова Ѓорѓева и Основи на методологија на истражување во превод на проф. д-р. Снежана Јованова Митковска.



*Промотори: проф. д-р Снежана Мирасчиева,*
*проф д-р Трајче Стојанов*






Во 2016 година е промовирана првата поетска книга „Егзистенцијалии“ на проф. д-р Трајче Стојанов. Книгата беше промовирана во НУУБ „Гоце Делчев“, а промотор на книгата беше проф. д-р Блаже Китанов.



*НУУБ „Гоце Делчев“ Промоција на Егзистенцијалии 2016*

Книгата беше промовирана во НУУБ „Гоце Делчев“, а промотор на книгата беше проф. д-р Блаже Китанов.

На 9.10.2017 година на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип беше промовирана книгата *Од образование за животна средина до одржлив развој во детските градинки* на проф. д-р Јурка Лепичник Водопивец во превод на проф. д-р Кирил Барбареев.

Факултетот за образовни науки свечено го промовира зборникот „70 години Учителска школа Гоце Делчев“ во Штип. Монографијата опфаќа истражувања и проекти кои ги прават сите кои на еден или друг начин учествувале во првата учителска школа во градот. Изданието е помогнато од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“.




*Промоција на Зборникот во Собранието на Општина Штип, 2018 година*

2018 година во НУУБ „Гоце Делчев“ во Штип беше промовирана книгата *Религиското образование во мултиетнички општества со осврт на македонското општество* од проф. д-р Даниела Коцева. Промотори на книгата беа проф. д-р Марија Ташева и проф. д-р Снежана Мирасчиева



*Промоција во НУУБ „Гоце Делчев“, Штип 2018*



*Промоција во НУУБ „Гоце Делчев“, Штип 2018*

Во 2019 година, проф. д-р Трајче Нацев ја промовираше својата книга Ранохристијанската архитектура во источните области на Република Македонија. Книгата ја промовираше проф. д-р Виктор Лилчиќ-Адамс од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.



*Промоција на книга, 2019*

Во Македонската академија на науките и уметностите беше промовирана книгата *Руска религиска философија* од проф. д-р Трајче Стојанов. На промоцијата беа присутни голем број академици, професори, челниците на Македонската православна црква и амбасадорот на Руската Федерација во Македонија Н.Е. Сергеј Баздникин.



*Промоција на книга МАНУ 2020*

### 3.7 Од студентска перспектива

Факултетот во своите напори да обезбеди квалитена и ефективна настава за студентите, но и содржински да ги збогати воннаставните активности на студентите има богата архива од активности, записи и настани.

Првиот чекор е обезбедување на солидна инфраструктура и услови за настава.

Во тој контекст, денес Факултетот за образовни науки е сместен во објект на два ката со површина од околу 2000 м$^2$. Во него се сместени предавални, дидактички опремена училница, свечена сала, како и канцеларии за наставниот и административниот кадар. Располага со најсовремени технологии потребни за реализација на наставата од компјутери, телевизори ЛЦД проектори.




Факултетот за образовни науки располага и со своја веб и фејсбук страна и инстаграм профил која служи за информирање на студентите за идни активности на Факултетот, како и за поголема видливост и читливост во медиумскиот етер.

Студентите на Факултетот за образовни науки имаат можност да користат компјутери со бесплатен интернет во холот на факултетот.



*Факултет за образовни науки*

Во состав на Факултетот за образовни науки функционира и универзитетската книжара во чии рамки студентите можат да ги набават потребните материјали и работни средства.



*КнижКнижарница Факултет за образовни науки, 2020*

Студентите од Факултетот за образовни науки се дел од студентската организација Студентски парламент и Студентско собрание.



*Студенти на практична настава во ЈОУДГ „Астибо“*



*Студенти при реализација на методски час во ЈОУДГ „Вера Циривири Трена“*





*Кукларство и сценографија*

*Дел од студентски активности*





*Тренинг-обука на студентите во Охрид*





*Студенти на археолошки локалитет Била Зора*
*село Кнежје – Св. Николе*



*Практична настава со студентите по*
*завршена теренска работа*



*Археолошко истражување на ранохристијанската црква Св. Димитрие село Киселица – Делчево*



*2019 година, обука за студентите во рамки на проектот на USAID, Унапредување на социјалната кохезија*

За сите студенти континуирано се организираат бесплатни филмски претстави, концерти на класична, народна и популарна музика, театарски претстави. Често пати и самите студенти се иницијатори и креатори на голем број настани од типот на едукативни трибини, креативни работилници, концерти, проекции на филмови, конгреси, како и студентски забави врзани за среда како среќен ден.




*Филмски фестивал*

Филозофскиот филмски фестивал, Институтот за применета филозофија и етика при Факултетот за образовни науки – Штип организираше прикажување на два наградени филмови во долгометражна и краткометражна продукција. Станува збор за филмовите „8 минути и 19 секунди“ и „Ноќен разговор со џелат“.

ВонНаставните активности на студентите кои се организираат на Факултетот се содржински богати и разновидни.

Во рамките на проектот *Толеранција, дијалог, соработка,* кој се реализира 2011 година, а со цел промовирање на меѓурелигиски дијалог преку градење на капацитетите на медиумите и религиските претставници, беше организирана посета на манастирот Св. Богородица Милостива Елеуса во селото Вељуса, Струмичко и женскиот католички манастир во Гевгелија.



*Посета на верски објекти во Вељуса и Гевгелија, 18 ноември 2011*

По завршување на посетите, студентите по враќањето во Штип, ги споделија импресиите во кратки есејски записи.

Испратено од Сејди Али, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип

*Посетата беше успешно презентирана така што можевме да направиме разлика помеѓу манастирот кој го посетивме од останатите религиски делови (црквите), можевме да согледаме како тие работеле и како функционирале во текот на годините. Видовме со што се занимавале, дека сите имаат поделени мислења и имаат свои начин на однесување. Можеме да заклучиме дека секој има право на свое мислење и верување во тоа што мисли. Организацијата беше навистина убаво осмислена и имаше навистина добар пристап кон нас студентите, можевме да ги сфатиме и разбереме нивните мислења. Покрај тоа лицата кои ја извршија презентацијата беа навистина љубезни и ни ги пренесоа нивните знаења на разбирливо ниво. Мислам дека повеќето од посетите треба да бидат организирани на начин како што беше направена и оваа посета. Голема благодарност до сите професори кои беа присутни со нас на посетата бидејќи со нивното присуство го збогатија овој манифест кој е од големо значење за поголемиот број од присутните на посетата.*



*Посета на Синагога „Бет Јаков“ и Еврејска заедница во Република Македонија, Скопје, 24 ноември 2011*

Испратено од Димче Ивановски, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

*На ден 24.11.2011 година група студенти од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип предводени од проф. д-р Владо Петровски и асистент м-р Даниела Јакимова посетивме неколку верски објекти во градот Скопје (синагога и Еврејска заедница, Евангелско - методистичка црква и џамија Мустафа паша). При оваа посета научивме многу нови работи и за другите вери во нашата Република. За прв пат влеговме во овие верски објекти. Претставниците на овие објекти ни раскажаа за нивната вера, начин на верување и обичаи. Секоја вера има свои вредности кои величат еден народ. Во секоја од овие религии Бог има различни имиња но суштината е дека во сите религии се верува во истиот Бог. Секоја од овие вери има различни начини на верувањето во Бог, молењето кон Бог. Имено ни раскажаа за нивните позначајни и поголеми празници, но и за нивните обичаи и ни ја доловија суштината на секоја од овие религии. Од посетата на овие верски објекти научивме многу работи кои беа нови, занимливи и од големо значење за нас. Благодарение на соработка на нашиот факултет со проектот „Толеранција, дијалог, соработка“ успеавме да научиме многу повеќе за различните религии кои се практикуваат кај нас и да посетиме дел од верските објекти кои ги има многу кај нас.*

Испратено од Илија Мишовски, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

*Ние, студенти од Факултетот за образовни науки, при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип како дел од проектот „Толеранција, дијалог, соработка” на ден 24.11.2011 реализиравме посета на: синагога Бет Јаков – Скопје, Евангелско-методистичката црква и џамија Мустафа паша. Бевме одлично пречекани од претставниците на верските објекти и ни беше прикажана и доловена секоја религија со нивни обичаи, празници и верувања. Јас како православен христијанин, воспитуван во духот на христијанството за прв пат имав можност да посетам верски објекти за кои досега имав слушнато, но не и посетено. Ова претставува една интересна и поучна посета, посета во која за прв пат видов и научив работи, кои ги нема во мојата религија. Она што е интересно за сите религии и покрај разликите во секоја од нив, тие сепак се темелат на исти вредности ( љубов, вера, надеж, искушение и солидарност, ...). При посетата во синагогата ми остави впечаток Менората – со седум свеќници. Симбол на Евреите е Давидовата звезда. Евангелско-методистичката црква нема икони и е дел од христијанската религија. Исто така ги слават Бадник, Велигден и Духовден. Џамијата ми остави посебен впечаток како и начинот на молење. Ни беше објаснет секој дел, место и функција на џамијата со посебен акцент на верувањето и практикувањето на Исламот. Задоволни од реализираните предавања на претставниците на верските објекти и на проф. д-р Владо Петровски научивме дека Бог во секоја религија е претставен со различно име, но во суштина се работи за истиот Бог. Бог е еден и единствен и како таков треба да го почитуваме без разлика за кој религиски систем станува збор, меѓусебно треба да се почитуваме и соработуваме.*

Испратено од Јасна Спасовска, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип

*На ден 24 ноември 2011, четврток преку изборниот предмет Религиски системи бевме во Скопје во посета на религиски институции. Прво бевме во синагога потоа во Евангелистичко-методистичка црква и на крај посета на џамија. Најмногу впечаток во синагогата ми остави тоа што на секој прозорец имаше насликана слика од посебно значење, најмногу ми се допадна насликаната дланка што значеше среќа. Потоа ми остави впечаток свеќникот со повеќе свеќи на него кои ги пали само жената како глава на семејството. Потоа голем впечаток ми остави и самата синагога и поставеност на седење на луѓето во неа. На едната страна седат само жени, а на другата страна седат само мажи. Откако завршивме со посетата на синагогата продолживме во посета на џамија. Таму беше интересно за мене поради тоа што ми беше прв пат да влезам*

*во џамија. Во самата џамија имаше четири работни места, а и дознав дека до неа во самиот двор има место каде што децата учат нови работи за својата религија, а сето тоа ги учи човек т.е. учител од нивната вера. Пред џамијата има место кое е исполнето со чешми. Тука секој што треба да влезе во џамијата се мие со цел да влезе чист. Пред влегување сите треба да ги соблечат чевлите. Во Евангелистичко-методистичката црква имаше една личност која стои на средината пред сите и кажува молитви. Во самата црква нема икони само крст и не е задолжително крстење пред да се влезе внатре. Во самата просторија има клавир на кој свират песни за време на самата миса. Пред самите врати на црквата имаше едно списание коешто ми остави многу голем впечаток. Списанието е само за жени и се вика „Харизма“. Во него можеше да се прочитаат доста нови и интересни работи. Имаше напишано за лебот дека тој е свето нешто, како треба да се чува и да не се фрла. Целата посета беше многу корисна затоа што научивме нови и интересни работи. Беше големо искуство и можеби друг пат нема да имаме можност да одиме на посета на овие институции. Секоја институција си има свои квалитети и секоја религија е различна. Затоа секој човек треба да се почитува без разлика на верата.*




*Студентите на меѓународен научен симпозиум во Самоков, Бугарија, 2012 и 2013 година*

На меѓународната конференција за историја, етнологија и археологија во Самоков Р. Бугарија, во организација на научното друштво за етнологија, фолклористичка антропологија ОНГАЛ, учествуваа професори и студенти со презентација на трудови, од студиската програма за Историја и археологија од Факултет за образовни науки при УГД Штип. Студентите на оваа конференција, која се одржува секоја година во првата седмица од месец

октомври, учествуваат традиционално од 2013 година до денес.

Традиционално секоја година студентите од Факултетот за образовни науки организираат новогодишна театарска претстава, која низ формата на патувачки театар се реализира во предучилишните установи.

Во 2007 година Новогодишната претстава за деца е работена со студентите под менторство на проф. д-р Никола Смилков и проф. д-р Кирил Барбареев.

Во 2019 година студентите на Факултетот ја поставија на сцена театарската претстава *Приказна за рибарот и рипката* во режија, драматизација и адаптација на текст на проф. д-р Кирил Барбареев, кореографија на проф. д-р Билјана Митева Попеска, а музиката на проф. д-р Томислав Таневски.

Сите претстави се играат во Мултимедијалниот центар на Универзитетот „Гоце Делчев“.





*Сцена од театарската претстава „Приказна за рибарот и рипката“ во реализација на студентите од Факултетот, декември 2019*




*Студентски активности во дидактичко-методичкиот кабинет на Факултетот*

Во 2019 година РИКО – Регионалната канцеларија за младинска соработка во рамките на проектот: Подобрување на младинската соработка и младинската размена на Западен Балкан 6 – финансиски поддржан од Европската Унија одржа консултативен состанок со 40 студенти на Факултетот за образовни науки во Штип, со цел да се слушне мислењето, ставовите и идеите на младите на возраст од 18-30 години кои до сега не учествувале на младински размени. РИКО подготвува нов повик за предлози

и мислењето на младите е навистина важно затоа што идеите што беа предложени од младите ќе се искористат за подготовки на Четвртиот отворен повик на РИКО. Фасилитатор на состанокот беше проф. д-р Ирена Китанова.

Факултетот за образовни науки и Институтот за применета филозофија и етика, во соработка со Издавачката куќа АРС-Ламина - Скопје, организираше *Летни книжевни разговори* во рамките на Штипско културно лето каде учество земаа и студентите од Факултетот за образовни науки.



Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ за своите студенти организираше средба со писателот Горјан Петревски. На средбата на Горјан Петреввски со студентите присуствуваше и проф. д-р Стојан Јордановски од Педагошкиот факултет во Битола, кој говореше за романите „Другата Марта“ и „Марта“.



*посета на писателот Горјан Петрески*



*Студентите се дел од активноста „Отворени денови на УГД“*

Студентите од Факултетот за образовни науки при Студентскиот парламент на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип во рамките на проектот „Штип – академски град“ заедно со наставниците од Институтот за историја со археологија на 7.5.2014 организираа трибина на тема „Македонската династија Аргеади“ под менторство на проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска. На трибината учествуваа и студенти од Катедрата за историја со археологија. Воедно, со оваа трибина заврши проектот на Студентскиот парламент *Штип - академски град.*



*Трибина „Македонската династија Аргеади“, 2014*
*Факултет за образовни науки*










По иницијатива на студентите на Институтот за историја и археологија при Факултетот за образовни науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и Институтот за историја при Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје се одржаа три студентски научни конференции за историја, археологија и класични студии.

Студентите од Факултетот за образовни науки од катедрата за историја и археологија снимија два документарни филма, во 2014 година „Штип 1940-1945 и партизанскиот одред Гоце Делчев" и во 2015 година документарниот филм „Македонскиот идентитет низ историјата“. И двата филма се претставени во Пула, Хрватска од страна на Ѓорѓи Ефремов, студент на групата историја за време на престојот и реализацијата на Еразмус програмата.


МАКЕДОНСКИОТ ИДЕНТИТЕТ НИЗ ИСТОРИЈАТА
MAKEDONSKI IDENTITET KROZ POVIJEST









## Студентски документарен филм во Мултимедијалниот центар на УГД






*Студенти на консултации со проф. д-р Тодор Чепреганов за снимање на филм*




*Студенти од Факултетот за образовни науки во студиска посета на Германија*

Студентите од сите педагошки факултети во државата имаа студиска посета во Хамбург, Германија. Покрај информациите за темата миграција и бегалците во Хамбург преку турнеи, го посетија и ИКМ институт кој работи на различни теми за предизвици поврзани со луѓе од различни култури и средини што живеат на едно место. Покрај тоа што даваат обуки за наставниците, тие се фокусирани и на медијацијата. Покрај тоа, студентите ја посетија најголемата јавна библиотека во Хамбург и Меморијалниот центар од поранешниот концентрационен логор близу Хамбург, кој за повеќето студенти беше прв пат да ја посетат спомен-страницата на концентрациониот логор.

Во посетата беа вклучени етнички мешани студенти од сите универзитети кои соработуваат (Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Институт за педагогија при Државен универзитет во Тетово, Институт за педагогија при Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје, Педагошки факултет во рамките на Универзитет „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитет на Југоисточна Европа), кои беа дел од обуките и учествуваа како членови на тимот на ЛОЈА.




*Студенти од Факултетот за образовни науки во студиска посета на Германија*

Европска мобилност е уште една можност за сите студенти што е воедно и уште една потврда за отвореноста на Факултетот.

Имено, студентите на Факултетот за образовни науки во текот на своето студирање учествуваат во Еразмус + програмата. Можностите што ги нуди програмата за размена на студенти Еразмус плус се од големо значење за студентите, кои со посета на некој реномиран универзитет во Европа реализираат дел од своите наставни активности, се запознаваат со културата, историјата, знаменитостите на градот и на државата во којашто престојуваат, но и остваруваат научни и истражувачки активности. Ваква размена имаат остварено околу 10 студенти во период 2015-2019 година и тоа во Хрватска, University of Alba Iulia и Самаков Бугарија.



*Студент од ФОН во Пула, Република Хрватска*

Додека пак на Факултетот за образовни науки преку оваа размена студирале 10 странски студенти во периодот од 2018 до 2020 година и тоа од следниве европски универзитети: University of Catania, Universidade de Vigo, Universidad de A Coruña, University of Murcia и University of Zaragoza.



*Spanish student from the University of A Coruña who has completed his Erasmus year at the UGD, North Macedonia*

# ВРАБОТЕНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

## РАКОВОДЕН КАДАР

Прв декан на Педагошкиот факултет во периодот од 1995 до 2000 беше професор Спаско Симоновски. Потоа следуваа проф. д-р Душко Цацков (2000-2001), проф. д-р Блажо Китанов (во два мандата, 2001-2009), проф. д-р Кирил Цацков (2009 - 2011), проф. д-р Никола Смилков (2011-2014), проф. д-р Соња Петровска (2014-2019). Од септември 2019 г. на Факултетот за образовни науки за декан е избрана проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева.



проф. д-р Емилија Петрова Ѓорѓева
Декан



**п**роф. д-р Ирена Китанова
Продекан за настава

## РАКОВОДИТЕЛИ НА КАТЕДРИ И ИНСТИТУТИ



**проф. д-р Соња Петровска**
**Катедра за Педагогија**



**проф. д-р Снежана Мирасчиева**
**Катедра за Дидактика и методика**



**проф. д-р Виолета Николовска**
**Катедра за општествени и хуманистички науки**



**проф. д-р Тодор Чепреганов**
**Катедра за Историја и археологија**



**проф. д-р Трајче Нацев**
**Институт за Историја и археологија (ИНИСА)**



**проф. д-рТрајче Стојанов**
**Институт за Применета философија и етика**

## Н А С Т А В Н И Ц И



**проф. д-р Снежана Ставрева Веселиновска**



**проф. д-р Снежана Јованова-Митковска**



**проф. д-р Никола Смилков**



**проф. д-р Кирил Барвареев**



проф. д-р Даниела Коцева



проф. д-р Оливер Цацков



проф. д-р Билјана
Митевска Попеска



дроф. Д-р Деспина Сивевска



**проф. д-р Верица Јосимовска**



**проф. д-р Стојко Стојков**



**доц. д-р Љубен Тевдовски**



**доц. д-р Јадранка Рунчева**



проф. д-р Блаже Китанов



проф. д-р Стеван Алексоски

# Надворешни соработници

проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски

проф. д-р Митко Панов

проф. д-р Драги Ѓорѓиев

проф. д-р Наташа Котлар

проф. д-р Катерина Младеновска-Ристовска

доц. д-р Звонимир Николовски

проф. д-р Александар Стојчев

проф. д-р Бошко Анѓеловски

д-р Марина Align Ончевска

д-р Славица Бабамова

доц. д-р Гоце Наумов

# АДМИНИСТРАЦИЈА



**Марјан Ристов**
**секретар**



**Бистра Василева Ушинова**
**технички секретар**



**Милена Цацкова**
**референт во студентска служба**



**Мима Костова**
**библиотекар**



**Марјана Димитрова**
**библиотекар**



**Александра Цацкова**
**книжара**

**ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ**



**Бранко Нацев**



**Светлана Каева**



**Јасминка Јорданова**



**Сузана Спасова**

# ОД АЛБУМОТ .....



*Чествување на патронот на Факултетот,*
*(04 Мај пред бистата на Гоце Делчев)*



*Чествување на патронот на Факултетот, со претставници од пошироката заедница (04 Мај пред бистата на Гоце Делчев)*



Прослава по повод 100-та седница на Наставно-научен совет на ФОН со дел од наставниот кадар



Работна посета на колеги од Педагошкиот факултет во Стара Загора – Бугарија



*Патронат на Универзитетот „Гоце Делчев“, доделување на благодарница на ОБСЕ за остварената соработка со Факултет за образовни науки за проектот Зајакнување на капацитетите на идните наставници за работа во мултиетничка средина*



*Промоција на преведени учебници, Сплит*




*Конференција Скопје, мај 2017*



*Доделување дипломи 2014*




*Колективот пред влезот на Факултетот*



*Посета на Министерството за надворешни работи на Р Германија, Берлин, ноември 2017 година, Школа за дипломатија*



*Наставници во салата за состаноци при Факултетот за образовни науки*




*Состанок на професори од Педагошките факултети во Скопје,2018*






*Студиска посета и обука на професори во Солун,2019*



Дел од вработените на Факултетот, 2015 годин











***Работна средба со колеги од Шуменски универзитет, 2019***






*Факултет за образовни науки, 2019*

## ПИСМО НА БЛАГОДАРНОСТ

Во подготовката на публикацијата *Педагошки факултет/Факултет за образовни науки - 25 години постоење (1995-2020) година* од идеја до нејзина реализација, голема благодарност упатуваме на:

**проф. д-р Соња Петровска**, редовен професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Деспина Сивевска**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф.д-р Ирена Китанова**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Даниела Коцева**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Верица Јосимовска**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Оливер Цацков**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Трајче Стојанов**, вонреден професор на Факултет за образовни науки за поддршката и соработката во подготовката на публикацијата.

**проф. д-р Блажо Боев**, ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ за поддршката и соработката.

Истовремено, благодарност упатуваме на сите колеги и вработени на Факултетот за несебичната поддршка и соработка во подготовката на публикацијата, со надеж и верба дека оваа публикација ќе биде стожер и темел на прогресот и патоказ кон развојот на идните поколенија, но воедно и водич за следната публикација што како аманет ја оставаме за идните генерации.

*Од уредниците*

**Користени извори**


1. Алексова, Б. и др (1986). Штип низ вековите. Скопје: НИПРО „Нова Македонија" - ООЗТ Печатница
2. Донев, Т. (1997). *Развитокот на школството и просветата во Штип и Штипско*, Штип: Калиографос
3. Завоев Петър. (1943). "Град Щип", София: Печатница Изгревъ
4. Завоев Петър. (1928). "Град Щип. Минало и просвета до революционните борби". София: Щипското благотворително братство "Тодор Александров" в София.
5. Извештај на Учителската школа „Гоце Делчев"во Штип за учебната 1955/56 год. (1956). Штип: Печатница „Илинден".
6. Камберски, К. (1994). Од буквар до универзитет, Скопје:Просветно дело
7. Матична книга на запишани студенти на Педагошки факултет „Гоце Делчев" Штип
8. Недков, В. и др.,(1969). *Педагошка Академија во Штип (1959-1969)*, Скопје: Универзитетска печатница
9. Николовски, А. и др. (2017). Седумдесет години од основањето на Учителската школа „Гоце Делчев" (*Јубилеен Учителски Зборник: 1946-2016*), Штип: УГД, Факултет за образовни науки
10. Николовски, А. Николовска, Е., Анчевски, Б. (1999). *Придонесот на учителската школа "Гоце Делчев" Штип во просветата, образованието и културата на Република Македонија*, Штип: 2-ри Август
11. Панајаотов, К (2008) Сведоштва, Штип: ЗЗСК и Музеј
12. Петровска, С. и др. (2011). Некои карактеристики на развојот на образованието на наставници во Република Македонија: од Учителска школа - Штип до Педагошки факултет – Штип, *Воспитание, 7 (11), стр. 111-124*
13. Попазаров, Р. (1974) Нови податоци за првото педагошко училиште во Македонија,Гласник бр.1, Скопје
14. СО Штип, (1986). Монографија „Штип низ вековите", Штип: Собрание на општина Штип.
15. Цацков, К. (1995). Просветата и културата во Штип и штипско меѓу двете светски војни. Скопје: НИП Глобус